-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

2.5.Урбанистички план за село Давидово

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

2.6.Урбанистички план за село Хума

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

2.7.Урбанистички план за село Конско

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 10 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

2.8.Урбанистички план за село Серменин

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, ја
к

2.9.Урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива Вода

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 50 ха

-Намена на просторот: викенд куќи, хотели, угостителски објекти, јавни содржини, рекреација и спорт, услужни содржини, комунални објекти и др.

2.10. Урбанистички план за село Прдејци

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 72 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

2.11. Урбанистички план за село Негорци

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 160 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

2.12. Урбанистички план за село Богородица

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 100 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

2.13. Урбанистички план за село Мрзенци

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 65 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

Забелешка: За населените места Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Хума, Конско и Серменин предвидената површина за урбанизација се однесува на просторот за центар на населбата и непосредната негова околина.

3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

3.1.Урбанистички план вон населено место западно покрај автопат Е 75 Прдејци-Смоквица

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20,00 ха

-Намена на просторот: Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

3.2.Урбанистички план вон населено место покрај Автопат Е 75 од "Мотел Вардар" до граничен премин Богородица (планот е доставен до Министерство за транспорт и врски на Стручна ревизија)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 160ха

3.3.Урбанистички план вон населено место спроти комплексот Негорски Бањи (планот е во фаза на изработка)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 30,0 ха

-Намена на просторот: хотелско угостителски објекти, здравно - туристички и објекти за банско лекување, објекти за рекреација и спорт, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

3.4.Урбанистички план вон населено место Мрзенци - Прдејци

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 30,0 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

3.5.Урбанистички план вон населено место од Динќут до Живинарска фарма

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30,00 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

3.6.Урбанистички план за подрачје вон населено место Мрзенци -Негорци

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: хотелски комплексти, придружни објекти, услужни, комунални, хортикултурно уредување и др.

3.7.Урбанистички план вон населено место Миравци

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 2000 $м^2$

-Намена на просторот: пасивна соларна куќа во м.в. "Рамништо"

3.8.Урбанистички план вон населено место во Ново Конско

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 2,0 ха

-Намена на просторот: спорт, рекреација со сместувачки капацитети и др.

3.9. Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 21,0 ха

-Намена на просторот: здравно-туристички комплекс со болница, хотелско-угостителски објекти, спортско-рекреативен комплекс, хортикултурно и парковско уредување, комунални објекти и др.

3.10. Урбанистички план вон населено место во областа "Сарандар"

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 50,0 ха

-Намена на просторот: голф терени со придружни објекти, комунални објекти и др.

3.11. Урбанистички проект за Технолошки парк кај Прдејци

-Површина на опфат 110ха

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, стовариште, магацини, услужни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

Бр. 07-96/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04 и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за финансирање на заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Гевгелија

1. Цели

Основна цел на Програмата е финансирање на системот за заштита и спасување, заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи.

За спроведување на заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи, Советот на општина Гевгелија, на подрачјето на општината формира:

- штаб за заштита и спасување;

-5 (пет) универзални единици во јачина на вод, од кои 3 (три) во Гевгелија и по една во населените места Негорци и Миравци.

-12 (дванаесет) универзални единици во јачина на одделение во останатите населени места.

Вкупната бројна состојба на овие единици за интервенција во случај на потреба, изнесува 366 лица (работоспособни граѓани од 18 - 55 години).

2. Активности

За функционирање на системот за заштита и спасување ќе се спроведат следниве активности:

1. Едукација и обука на единиците (командни тела, извршители)
2. Обука на надлежните лица во локалната самоуправа
3. Ажурирање на единици, вежбовни активности
4. Подигање на јавна свест (ангажирање на медиуми, публикации, документации и пропагандни материјали)
5. Набавка на опрема

3. Финансирање

За спроведување на активностите за дејствување на штабот и единиците за заштита и спасување, се планира набавка на:

Ред. бр.	Ставка	Количина	Вкупно
1.	Лична о према		180.000,00
2.	Друга опрема -напртњачи -ПП апарати (С-9) -метални метли	 20 10 20	 240.000,00
3.	Обука и едукација		95.000,00

Финансирање на системот за заштита и спасување, општина Гевгелија ќе го обезбеди од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година.

Со спроведување на планираните активности и обезбедување на минимум опрема ќе се обезбеди непречено функционирање на субјектите на заштита во услови на можни природни непогоди и други несреќи.

4. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во в Службен гласник на општина Гевгелијаг.

Бр. 07-104/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана на16.01.2009 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2009 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија

II.ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година, како и со одредени домашни и странски донации.

III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

Ред бр.	I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата	1.000 000,00
1.	Обнова на фасада на Градска библиотека во Гевгелија	
2.	Обнова на фасада на стара зграда на Радиостаница Гевгелија	
3.	Обнова на источен изглед на комплексот Стара чаршија во Гевгелија	
4.	Обнова на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија	
5.	Обнова на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија	

Ред. бр.	II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија	1.000 000,00
1.	Изградба на објект со санација на оџакот на поранешната фабрика "Филатура" во Гевгелија	400.000,00
2.	Изработка на бисти на: Др. Александар Сингер, Илија Џаџев и	

	Леонид Јанков и поставување на спомен плоча во Миравци	300.000,00
3.	Поставување на уметнички дела на видни локации во градот	300.000,00
	ВКУПНО	**2.000.000,00**

За активностите од областа на одржување и заштита на споменици на културата и други објекти, кои и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-99/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2009 година

I.Општи одредби

општина Гевгелија во 2009 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки со поставување на живини и еко светилки.

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

II.Одржување на јавното осветлување

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли трипати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1.Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

Населено место	Вкупно
Гевгелија	
живини сијалици 125W	969
живини сијалици 400 W	36
натриумови сијалици 250 W	175
сијалица економик БТ150 w	10
Гевгелија вкупно:	1190
Негорци	
живини сијалици 125 W	110
натриумови сијалици 250 W	8
Негорци вкупно:	118
Богородица	
живини сијалици 125 W	48
живини сијалици 250 W	6
Богородица вкупно:	54
Мрзенци	
живини сијалици 125 W	37
Мрзенци вкупно:	37
Прдејци	
живини сијалици 125 W	44
Прдејци вкупно:	44
Моин	
живини сијалици 125 W	27
Моин вкупно	27
Ново Конско	
Кованец	
живини сијалици 125 W	16
Кованец вкупно:	16
Серменин	
живини сијалици 125 W	13
Серменин вкупно:	13

Конско живини сијалици 125 W	10
Конско вкупно:	10
Смрдлива вода живини сијалици 125 W	20
Смрдлива вода вкупно:	20
Хума живини сијалици 125 W	16
Хума вкупно:	16
Миравци живини сијалици 125 W натриумови сијалици 250 W neonski sijalici 25 W	155 6 16
Миравци вкупно:	177
Милетково живини сијалици 125 W	14
Милетково вкупно:	14
Петрово живини сијалици 125 W	23
Петрово вкупно:	23
Смоквица живини сијалици 125 W натриумови сијалици 250 W	35 3
Смоквица вкупно:	38
Габраво живини сијалици 125 W	7
Габраво вкупно:	7
Давидово живини сијалици 125 W	42
Давидово вкупно:	42
Општина Гевгелија се вкупно:	**1871**

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

Ред.бр.	**Општина Гевгелија**	**Вкупно**
1.	живини сијалици 125 W	**1611**
2.	живини сијалици 400 W	**36**
3.	Натриумови сијалици 250 W	**198**
4.	Неонски сијалици 25 W	**26**
Општина Гевгелија вкупно:		**1871**

3. Потребни материјали за одржување на јавното осветлување за 2009 година.

Р.бр.	**Име на материјалот**	**Единица**	**Количина**
1.	живини сијалици 125 W	бр.	100
2.	живини сијалици 160 W	бр.	100
3.	живини сијалици 250 W	бр.	200
4.	живини сијалици 400 W	бр.	100
5.	Сијалица економик БТ 70 W	бр.	70
6.	Сијалица економик БТ 150 W	бр.	150
7.	Натриумова сијалици 70 W	бр	100
8.	Натриумова сијалици 250 W	бр.	100

9.	Пригушници за внатрешна монтажа 125 W	бр.	200
10.	Пригушници за надворешна монтажа 125 W	бр.	100
11.	Пригушници за внатрешна монтажа 250 W	бр.	50
12.	Пригушници за внатрешна монтажа 400 W	бр.	40
13.	Фасонки Е27 - порцелански	бр.	250
14.	Фасонки Е40 - порцелански	бр.	100
15.	кабел Р/Ф 1х1,5мм	м.	200
16..	кабел Р/Ф 1х2,5мм	м.	400
17.	кабел 3 х 1,5мм	м.	100
18.	кабел ПП 3х2,5мм	м.	200
19.	кабел ПП 00 4Х35mm бакар	м.	150
20.	Алкалекс кабел 1 Х 16 mm	м.	500
21.	Алкалекс кабел 2 Х 16 mm	м.	500
22.	Силиконски кабел Р/Ф 1х1,5мм	м.	100
23.	Форел со оптичко око	бр.	15
24.	Заштитно стакло	бр.	300
25.	Комплет арматура 125 W вандарма	бр.	70
26.	Комплет арматура 250 W натриумова	бр.	50
27.	Комплет арматура 250 W живина	бр.	20
28.	Инјектор за натр. сијалица 250 W	бр.	30
29.	Електрично броило 10-40 А, 3х220 В	бр.	3
30.	Електрично броило 10-40 А, 220 В	бр.	3
31.	Тајмер	бр.	20
32.	Подножје за осигуривачи 160 А	бр.	20
33.	Осигуривачи ХБТ 00	бр.	50
34.	Автоматски осигуривачи 16 А	бр.	80
35.	Ножест осигурач 63 А	бр.	30
36.	Ножест осигурач 100-250 А	бр.	60
37.	Контактор 63 А	бр.	15
38.	Контактор 40 А	бр.	15
39.	Комплет подножје за опална топка од 125	бр.	40
40.	Опална топка Ф-400	бр.	40
41.	Ампула 1500 W	бр.	20
42.	Ампула 500 W	бр.	20
43.	Топка Ф 500/160	бр.	50
44.	Фланша комплет за 125	бр.	50
45.	Метал халогена рефлектор 400 W	бр.	10
46.	Метал халогена сијалица 400 W	бр.	20
47.	Метал халогена сијалица 1000 W	бр.	20
48.	Метал халогена сијалица 1500 W	бр.	20
49.	Упаљач за метал халогена сијалица 250-400 W	бр.	20

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

III.Електрична енергија за јавно осветлување

Потрошувачката на електрична енергија во 2008 година, изнесува 121.629 кWh во просек месечно односно за цела година 1.459.548 кWh.

Според податоците од Подружницата на EVN-Гевгелија вкупниот број на корисници по електрични броила (на кои им се фактурира и комунална такса за улично осветлување) изнесува:

- домаќинства 8701 , за кои комуналната такса изнесува 89.50 денари;
- правни субјекти 1163, за кои комуналната такса изнесува 179,00 денари.

IV.Финансирање на јавното осветлување

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година од Програмата Ј3 и тоа:

- за потрошена електрична енергија 7.700.000,00 денари;
- за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 5.000.000,00 денари; и
- други оперативни расходи 100.000,00 денари.

Вкупно средства за реализација 12.800.000,00 денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

V.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-97/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" бр.45/97, 23/99, 45/06 и 16/04 год.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелијаее бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2009 година

I.ВОВЕД

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат

Што се однесува до ерадикацијата, мора да се превземаат ригорозни мерки затоа што животните скитници кои ги има во општина Гевгелија се јавуваат во се поголем број и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

II. ЦЕЛИ

Зради заштита на населението во општина Гевгелија од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2009 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гвеглија.

III.АКТИВНОСТИ

Во 2009 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

	Мерки и активности	Место и локација	Планирани средства
1	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи и др. објекти. Дезинсекција против комарци со аероза-прашување на територијата на општина Гевгелија.	1.000.000,00
2.	Ерадикација на животни скитници	во Гевгелија и во населените места	300.000,00
		Вкупно денари :	**1.300.000,00**

IV.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година-Програма J0 Подпрограма J80-други комунални услуги.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-107/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавна чистота во општина Гевгелија за 2009 година

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2009 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за

фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување. Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината го вршат ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ЈП за водовод и комуналии "Миравци".

II.ВИД ОБЕМ ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот - шеталиштето и паркиралиштата, како и на "Булевар Гевгелија"од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во приодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места за кои е донесена урбанистичка документација, на јавната површина во центарот на населбата и влезната улица, јавната чистота ќе се одржува еднаш неделно, а во другите делови еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота ќе се одржува во центарот на локалитетот секој ден, а во останатите делови еднаш месечно во периодот од 15.04. до 1.09. во текот на година (во сезоната) и еднаш месечно во периодот од 1.10. до 15.04. во текот на година (вон сезона).

Одржување на јавната чистота со миење на улиците ќе се врши секој ден во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како и влезните улици и центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини (парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба.

III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Во центарот на градот садовите ќе се постават на оддалеченот од 50 метри, додека во другите деловите на градот садовите ќе се постават на оддалеченост од 70 метри. Во населените места и локалитетот Смрдлива вода, садови ќе се постават на влезната улица, односно влезот и во центарот на населбата.

Во централното градско подрачје и во центарот на населените места ќе се постават пепелници за гаснење и фрлање на догорче од цигари.

Во моментот јавни санитарни јазли има на Автобуската и Железничката станица и во кругот на градското пазариште во Гевгелија.

Со програмата се планира да се изградат нови јавни санитарни јазли на паркинг плацот до спортската сала "26 Април" и крај Градскиот стадион.

За одржување на јавната чистота, покрај веќе постоечките, ќе се набаваат и поставаат уште 150 корпи за отпадоци, од кои 70 во Гевгелија, а останатите по населените места и во локалитетот Смрдлива вода.

IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година, и истите изнесуваат 4.600.000,00 ден., и тоа:

1.Метење на улици	800.000,00
2.Миење на улици	800.000,00
3.Изградба на јавни санитарни јазли	2.000.000,00
4.Набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и друга опрема	1.000.000,00
Вкупно:	**4.600.000,00**

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени во точка 1 и 2 ќе се обезбедат од Програма Ј4, а средствата за набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и изградба на јавни санитарни јазли ќе се обезбедат од Програма ЈК0-јавна чистота (капитални расходи).

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2009 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Гевгелија''.

Бр.07-98/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/03 и 66/04 год.) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 16.01.2009 година донесе:

П Р О Г Р А М А
за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2009 година

Со оваа програма се планираат активностите на општина Гевгелија во о

1. **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се:

1.Развој на масовниот спорт;

2.Организирање и поддржување на спортски приредби, натпревари и манифестации од традиционален карактер;

3.Поддржување на општинските спортски клубови;

4.Организирање, одвивање и збогатување на спортско-рекреативниот живот во општина Гевгелија

2. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 одина.

3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

	Спортски активности	Предвидени средства
1.	Турнир "Богородица 2009"	60.000
2.	Водени Лудории	30.000
3.	"Гевдион" Турнир во баскет 2009	60.000
4.	Младинска унија Новогодишен Турнир во мал фудбал	60.000
5.	Турнир во мал фудбал "ТИХО"	100.000
6.	АМД "Дичо Панов"	200.000
	ВКУПНО за турнири	**510.000**
1.	СД"Јовчо Кусеников"	50.000
2.	Алпинистички клуб "Еверест"	60.000
3.	Отворени забавни фудбалски Школи	60.000
4.	Мото Клуб "Ретки Птици"	50.000
5.	Кик Бокс Клуб "Аполонија"	40.000
6.	Ритам Плус	40.000
7.	ЖРК	100.000
8.	КК "Бест"	100.000
9.	ПД "Кожуф"	180.000
10.	КК "Кожуф"	300.000
11.	Општински фудбалски сојуз	60.000
12.	ФК "Кожуф 1923"	150.000
13.	ФК "Кожуф"	2.000.000
14.	ФК "Миравци"	1.200.000
	ВКУПНО за клубови	**4.390.000**
	ВКУПНО	**4.900.000**

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма а ќе се појават во текот на 2009 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на објекти за спорт е предвидено во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2009 година.

4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства, градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со :

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Сите корисници на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2008 година, средствата распределени со Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2009 година, ќе им бидат доделени, по поднесување на извештајот 9наративен и финансов) за реализирани активности во 2008 год. и тоа најкасно до 28.02.2009 год.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-100/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за подршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2009 година

1.Цели

Основни цели на оваа Програма е подршка на културните и други активности организирани од Месните заедници во населените места.

Одржувањето на културните и други активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

2.Активности

Во 2009 год. општината ќе ги подржи следните активности на Месните заедници:

Месна заедница	Активност	Одобрени средства од Буџет 2009
МЗ Ума	-Април - Планинарски марш 9-ти Август Св.Пантелемон -Влашка вечер	50.000,00
МЗ Богородица	-Печатење и промоција на монографија -21-ви Септември (манифестации) -Санација на споменици	80.000,00
МЗ Серменин	-2-ри Август -Илинден (манифестации)	20.000,00
МЗ Конско	-2-ри Август -Илинден (манифестации)	20.000,00
МЗ Ново Конско	-8-ми Ноември (манифестации)	30.000,00
ВКУПНО:		**200.000,00**

3.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-106/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за подршка на НВО секторот во 2009 година
за организирани активности

1.Цели

Основни цели на оваа Програмата за подршка на активностите на НВО секторот во 2009 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-давање подршка на проекти со кои ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

2.Активности

Во 2009 година општината ќе ги подржи следните активности и проекти на НВО секторот:

Назив	Активност	Одобрени средства буџет 2009
ЗГ Регионален центар за одржлив развој	Проект-Центар за развој на граѓанскиот сектор	100.000,00
Здружение на граѓани за подршка на лица со посебни потреби "Подршка"	Функционирање на Центарот за дневен престој на лица зависници - корисници од метадонска терапија: -трошоци за работа -надоместок за психолог -надоместок за социолог -надоместок за координатор	 60.000,00 120.000,00 96.000,00 24.000,00
Здружение на граѓани за подршка на лица со посебни потреби "Подршка"	Проект "Подобро е кога знам" (едукација на ученици за злоупотреба на психоактивни супстанци) -трошоци за работилници -надоместок за координатор -надоместок за едукатори -административни трошоци	 80.000,00
Здружение на слепи лица	-Турнир во шах -Посета на Крушево -15 Октомври - Ден на белата палка	 20.000,00
Здружение на глуви и наглуви	-Турнир во мал фудбал -Меѓународен турнир -Посета на Крушево	 20.000,00
Здружение на телесно инвалидизирани лица	-Посета на Плаошник и Охрид -Посета на Хераклета Битола -Турн.во шах, пинпонг и пикадо	 20.000,00

организации	3 Декември - Ден на хендикепираните	10.000,00

Центар за подршка на лица со интелектуална попреченост "Порака"	-Посета на Завод во Д.Капија -Дружење во природа -Посета на историски споменици	20.000,00
ОО на Сојузот на борцита на Македонија	-Одбележување на историски настани: 17 Март, 26 Април, 9 Мај, 10 Мај, 20 Мај, 6 Октомври, 11 Октомври, 7 Ноември, 10 Ноември и 26 Декември -Посета на Пелинце -21 Септември Маршот на мирот	100.000,00
ВКУПНО:		**670.000,00**

3.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година, Програма Д-Градоначалник Потпрограма Д1.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-105/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2008 година, донесе

ПРОГРАМА
За финансирање на проекти од областа на културата за 2009 година

I.ВОВЕД

Раководејќи се од законските надлежности, општина Гевгелија како единица на локалната самоуправа, преку оваа Програма и во текот на 2009 година, институционализира финансиска поддршка на проекти од областа на културата. Поддршката општината ја реализира низ транспарентна процедура која опфаќа јавен конкурс до сите субјекти (НВО и граѓански здруженија) чија основна дејност е културата, до селекција на нивните проекти од страна на Советот на општината.

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво.

II.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година, Програма К 4 - Културни манифестации и творештво.

III.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

	Назив	Побарувани средства	Одобрени средства
1.	Ансамбл Бојмија	За капетан Игор Ѓорески	100.000
		Бојмија	150.000
2.	КУД Негорци	Учество на интер. фолк. фест. во Холандија	100.000
		Активна работа во 2009	50.000
3.	ФА Гевгелија	Запознавање и негување на македонското наследство и традиција	50.000
4.	КУД Браќа Толеви,Прдејци	5-ти Козарски етно фестивал во Бања Лука	90.000
		Мајски дружења	30.000
		Организирање на фолк.средби за југоисточна Македонија	30.000
5.	КУД Танец, Миравци	Програма за 2009	90.000
		Возобновување на народната носија	60.000
6.	КУД Распеани Гевгеличани	Промоција на старогрдски песни	50.000
7.	ЗГ Делфин	Гитаријада 2009	200.000
8.	ЗГ Калинка	ИДМФ Калинка 2009	200.000
		Фестивал Смеата-мелем за душата	150.000
		Документарен филм легендарноста на Сингер	40.000
9.	ТЕ-РА	Смоквијада 2009	150.000
		Бубалче на животот	50.000
10.	ЗГ Гортинија	Концертна активност на хорот	100.000
		Детски хор Гортинија Меѓуанароден хорски натпревар - Будимпешта	100.000 100.000
11.	НВО Внимание	Музика за душа	150.000
12.	Мултимедиа-Центар	-Едукација на ликовни таленти	50.000
		Интернационална ликовна работилница	70.000
13.	Регионален центар за одржлив развој	Културен викенд	150.000
14.	ЗГ Дон Кихот	Поетска средба "Сонот на душата"	100.000
15.	НВО Агора	Печатење на книга Музичкото образование и музичкиот живот во Гевгелија во втората половина на 19 век до денес од м-р Сузана Стојановска	40.000
16.	ЗМУ Шиндев	Издавање на носач на звук Шиндев	40.000
17.	Одбележување на оп-штинскиот пра-	-доделување на општински награди и признанија	750.000
		-театарски -наградни конкурси	
	Вкупно:		**3.240.000**

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2009 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-101/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ" бр.19/96 и 26/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2009 година

1.Со оваа Програма се утврдува намената на средствата за туристички развој, за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во 2009 година во општина Гевгелија.

2.Средствата за финансирање на туристичкиот развој, за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите за 2009 година се утврдува во износ од 1.000.000 денари и се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година.

1.Средствата ќе се користат за:

Ред.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Туристичко информативен центар	400.000
2.	Туристички водич и туристичка мапа на општина Гевгелија	290.000
3.	Изработка на мултимедијално ЦД	50.000
4.	ПРопаганден материјал (папки,флаери,џебен информатор)	100.000
5.	Организирање и учество на саемски манифестации	100.000
6.	Изработка на регионален водич за алтернативни рути на туризмот во прекуграничниот регион	60.000
	Вкупно:	**1.000.000**

По потреба, во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција.

4.Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од туристичката такса за приврмен престој и од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година.

5.За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-102/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен весник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

1.Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на локалниот економски развој во текот на 2009 година ќе бидат насочени кон поддршка на проекти за локалниот економски развој, индустрија за производство на храна и енергетската ефикасност.

2.Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни правци согласно постојните стратешки документи.

3.Проектни активности

Проектите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Проектите се групираат во неколку групи:

3.1.Поддршка на локалниот економски развој

Р. бр.	Проек	Предвидени средства (мкд)
1.	Поддршка на Центарот за регионален развој на Источно – брегалничкиот плански регион	230.000
2.	Акционен план за развој на компаниите во Гевгелија преку прекугранична соработка и издавање на водич на претпријатијата	200.000
3.	Изработка на интерактивен електронски портал за промоција на компаниите	100.000
4.	Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамките на IPA	200.000
5.	Програма за обука на невработени лица во соработка со Центарот за професионална обука “Техники екпедефтики” од Солун	200.000

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Детална анализа на карактеристиките и потенцијалите на земјоделскиот сектор	100.000
2.	Градење на капацитети за подигање на свест за важноста од постбербени активности (миење, калибрирање, пакување, етикирање, разладување)	30.000

3.	Реализација на едукативни курсеви за одгледување на одредени култури и одгледување животни	30.000
4.	Иницирање и поддршка за стандардизирано производство	50.000

3.3.Проекти од областа на енергетската ефикасност (во согласност со стратегијата за енергетска ефикасност)

Р.бр.	Проек	Предвиден
1.	Процена на шумските ресурси и нивно искористување во општината	30.000
2.	Кофинансирање и имплементација на Програмата за енергетска ефикасност 2009-2013	20.000
3.	Студија за искористување на потенцијалите од геотермалните води	100.000

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 1.290.000 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2009 година и кофинансирани од страна на домашните и меѓународните институции, агенции и фондации.

5.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр. 07-103/1
16.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски** с.р.*

Врз основа на член 24 и 25 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелилја" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во општина Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на утврдување и висината на надоместокот за одржување на јавната чистота, начинот на наплата, мерната единица за плаќање и намената на средствата од надоместокот (во натамошен текст: надоместокот).

Член 2

Член 3

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота зависи од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата - обемот за одржување на јавната чистота.

Член 4

Надоместокот ќе го плаќаат домаќинставата и правните субјекти, корисници на јавните површини.

Член 5

Плаќањето на надоместокот од член 2 на оваа одлука ќе се врши од м2 јавна површина, месечно (ден./м2 мерна единица).

Член 6

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота согласно член 3 изнесува:

-0,80 ден./м2 за домакинства

-3 ден./м2 за правни лица

Јавната површина за која ќе се пресметува надоместокот е 63м2.

Член 7

Наплатата на надоместокот ќе го врши ЈПКД "Комуналец" Гевгелија и ЈП за водовод и комуналии "Миравци" Миравци преку достава на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад.

Надоместокот на сметката на јавните претпријатија ќе се прикажува одвоено.

Наплатата на надоместкот од домаќинствата и правните субјекти, на кои јавните претпријатија не доставуваат сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, ќе го врши општината.

Член 8

Средствата собрани од надоместокот се приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота, односно годишната програма за јавна чистота, набавката на опрема и финансирање на услугите на јавните претпријатија како даватели на услуги за одржување на јавнта чистота.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-110/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 14 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/008 и 103/08 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општината Г
о

ОДЛУКА

за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/08 год.), во членот 5 ставот 2 се менува и гласи:

"Доколку во текот на извршувањето на Буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот".

Член 2

Во членот 9 ставот 1 зборовите "бруто и нето" се бришат.

Член 3

Во членот 10 во ставот 1 алинеа 1 ред први, и во алинеите 2,3 и 4 зборот "нето" се заменува со зборот "бруто".

Во истиот член во став 1 алинеа 2 зборот "платита" се заменува со зборот "платата".

Член 4

Членовите 11, 12 став1 и 13 се бришат.

Член 5

Во членот 15 ставот 2 бројот "70%" се заменува со бројот "84%".

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2009 година.

Бр.07-112/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 4 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" бр.36/90 и "Службен весник на РМ" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05,121/07 и 161/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01. 2009 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за надоместок на членовите на Советот на општина Гевгелија

Член 1

Во Одлуката за надоместок на членовите на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.17/07год.) во членот 2 бројот "70%" се заменува "84%".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-111/1 Претседател
16.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и Одлуката за превземање на основачките права и утврдување како Општинска јавна установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување и финансирање на Финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2009година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува и финансира Финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2009 година.

Член 2

Финансискиот план, составен дел на оваа одлука,ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година во износ од 3.570.600,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-108/1 Претседател
16.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување и финансирање на Програмата за финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2009 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува и финансира Програмата за финансирање на

Член 2

Програмата составен дел на оваа одлука ќе се финансира од основниот Буџет на општина Гевгелија за 2009 година во износ од 900.000,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-109/1
16.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 92-а од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07, 81/08 и 92/08) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 12.12.2008 год. донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

1.За директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, се избира лицето

-Михаил Петров, со завршен Факултет за ликовни уметности-графика и графички дизајн.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на СОУ "Јосиф Јосифовски", Законот за средно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2240/8
12.12.2008 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
Драги Делев с.р.

Врз основа на член 93-в став 2 од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07, 81/08 и 92/08) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 12.12.2008 год. донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандат на в.д.директорот на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

1.На Љубица Мишкарова, со завршен Филозофски факултет-историја на к[illegible] С[illegible] мандатот на в.д.директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, поради избор на директор на ова училиште.

2.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Образложение

Со Решение бр.08-2561/1 од 07.11.2008год., градоначалникот на општина Гевгелија за вршител на должноста директор на СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ја именува Љубица Мишкарова вработена во ова училиште.

По законски спроведената постапка, градоначалникот на општина Гевгелија, избра директор на ова средно општинско училиште.

Заради горе наведеното а согласно член 93-в став 2 од Законот за средно образование, градоначалникот донесе Решение како во диспозитивот.

Бр.08-2561/3 Градоначалник
20.01.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 133 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандат на директорот на
Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци

1.На Михаил Петров, со завршен Факултет за ликовни уметности-графика и графички дизајн, му престанува мандатот на директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, поради лично барање.

2.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Образложение

На ден 20.01.2008 година, директорот на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, Михаил Петров, поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за престанок на мандат како директор на ова основно училиште заради извршување на функцијата директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија.

Бидејќи согласно членот 113 став 1 од истиот закон е утврдено дека, ако постојниот директор сам побара, му престанува мандатот, се донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-113/1 Градоначалник
20.01.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина

Р Е Ш Е Н И Е
за именување Вршител на должноста директор
на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци

1.За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува,

-Тодорка Челевска-Милиќевиќ, со завршен Природно-математички факултет - професор по математика и физика за во основно образование, вработена во Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ "Климент Охридски" - Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-114/1 Градоначалник
20.01.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

С О Д Р Ж И Н А

1.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2009 година 1

2.Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2009 година 13

3.Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2009 година 17

4.Програма за финансирање на заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи на подрачјето на општина Гевгелија 26

5.Годишна програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното надследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2009 година 27

6.Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2009 година 28

7.Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија во 2009 година 32

8.Програма за одржувањето на јавната чистота во општина Гевгелија за 2009 година 33

9.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2009 година 35

10.Програма за подршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2009 година 37

11.Програма за подршка на НВО секторот во 2009 година за организирани активности 38

12.Програма за финансирање на проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2009 година 39

13.Програма за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2009 година 41

15.Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во општина Гевгелија 43

16.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година 45

17.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за надоместок начленовите на Советот на општина Гевгелија 45

18.Одлука за усвојување и финансирање на Финансискиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2009 година 46

19.Одлука за усвојување и финансирање на Програмата за работа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2009 година 46

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за избор на директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија 47
2.Решение за престанок на мандат на в.д.директорот на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија 47
3.Решение за престанок на мандат на директорот на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци 48
4.Решение за именување Вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци 49

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
За донесување Детален урбанистички план за дел од блок "4" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2007-2012 година

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од блок "4" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2007-2012 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 14.34 ха.

Границата на зафатот е:

На север границата оди по улица"Булевар Гевгелија"

На запад оди по западната магистрална улица

На југ границата оди по осовината на улица "Ристо Јанев"

На исток границата оди по осовината на западната собирна улица

Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - домување

А1 - домување во семејни куќи

Г - сервиси

Г5 - инфраструктура -трафостаници

Д - зеленило и рекреација

Д2 - заштитно зеленило

Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење и согласноста од надлежното министерство.

Член 6

Деталниот урбанистички план, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина. Примерок од Деталниот урбанистичкиот план, по усвојувањето, се доставува и до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

Член 7

Деталниот урбанистички план се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-251/1
30.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
За утврдување на Нацтр-Детален урбанистички план за дел од блок "5" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од блок "5" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2008-2013 година, со графички приказ на планот и текстуален дел(Во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 8.86 ха.

Границата на зафатот е:

На север границата оди по улица "Ристо Јанев"

На запад оди по западната магистрална улица

На југ границата оди по осовината на улица "Моински пат"

На исток границата оди по осовината на западната собирна улица

Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - домување

А1 - семејно домување во семејни куќи

А2 - семејно домување во згради

Г5 - инфраструктура -трафостаници

Д - зеленило и рекреација

Д2 - заштитно зеленило

Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција и стручното мислење.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-252/1
30.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
За утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија за 2008-2013 година со графички приказ на планот и текстуален дел(Во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 6.2 ха.

Границата на зафатот е:

На север границата оди по улица "Деко Ковачев"

На запад оди по западна магистрална улица

На југ границата оди по осовината на улица "Булевар Гевгелија"

На исток границата оди по осовината на западна собирна улица

Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - домување

А1 - семејно домување во семејни куќи

Г5 - инфраструктура -трафостаници

Д - зеленило и рекреација

Д1 - парковско зеленило

Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција и стручното мислење.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-253/1
30.01.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Панде Кацарски с.р.

Врз основа на член 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ"36/04,49/04 и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за распределба на средства-помош на оштетените граѓани
од природна непогода (град) што ја зафати
општина Гевгелија на 18.06.2008 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат средствата за помош на граѓаните за штетите од природната непогода(град) што ја зафати општина Гевгелија, атарите на Миравци и Давидово на 18.06.2008 година, износот и начинот на распределбата на средствата(во натамошниот текст: град).

Член 2

За помош на оштетените граѓани од град ќе се распределат средства во износ од 2.718.524,00 денари, солидарни средства на Републиката.

Член 3

На оштетените граѓаните ќе се доделат средства во износ од 30% од утврдената штета со Елаборатот усвоен од Советот на општина Гевгелија.

Член 4

На граѓаните со штета до 1000,00 денари ќе им се исплати целиот износ.

Член 5

За исплата на средствата на граѓаните Градоначалникот на општината ќе донесе решение.

Исплатата ќе ја изврши Одделението за финансии и буџет на Општинската администрација во општина Гевгелија.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-258/1 Претседател
30.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на ден 30.01.2009 година донесе

О Д Л У К А
за утврдување надоместок на членовите на Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот на членовите на Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија.

Член 2

Висината на надоместокот по обработена даночна пријава изнесува 100 денари.

Член 3

Средствата за надоместокот на членовите на Комисијата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година.

Член 4

Евиденција на обработените даночни пријави од членовите на Комисијата ќе води Одделението за локални даноци и такси, кое ќе врши и распоред за работа на членовите на Комисијата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-259/1 Претседател
30.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на ден 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Гевгелија 2009-2013

Член 1

Со оваа Одлука се усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Гевгелија 2009-2013.

Член 2

Програмата од член 1 е составен дел на оваа Одлука

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-255/1 Претседател
30.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.01.2009 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2008 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2008 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-254/1 Претседател
30.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.01.2009 година, по расправата по Информација за активностите и мерките за целосно имплементирање на Уставните и Законоските норми во врска со слободниот пристап на информации од јавен карактер од страна на општина Гевгелија, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за активностите имерките за целосно имплементирање на Уставните и Законоските норми во врска со слободниот пристап на информации од јавен карактер од страна на општина Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-256/1 Претседател
30.01.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ„ бр.13/06 год.) и член 118 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

Lista na informacii
od javen karakter so koi raspolaga op[tina Gevgelija

1. Op[tina Gevgelija raspolaga so slednava lista na inforomacii od javen karakter:

Akti na Sovetot na op[tina Gevgelija:

r.br.	*Naziv na aktot(dokumentot):*	*Objaevn vo ,,Sl. glasnik na op[tina Gevgelija,, br.*	*Zabele[ka (vreme na va`nost na dokumentot*
1.	Statut na op[tina Gevgelija	25/06	
2.	Delovnik za rabota na Sovetot na op[tina Gevgelija	5/07	
3.	Programa za ureduvawe na grade`no zemji[te vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
4.	Programa za izgradba, rekonstrukcija, odr`uvawe i za[tita na lokalnite pati[ta i ulici vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
5.	Programa za za izrabotka na urbanisti~ki planovi		Se nosi godi[no
6.	Programa za odr`uvawe na javnoto osvetluvawe vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
7.	Programa za odr`uvawe na javnata ~istota vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
8.	Programa za finansirawe, odr`uvawe i za[tita na objekti od kulturnoto nasledstvo, spomenici i drugi objekti vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
9.	Programa za finansirawe na sportskite aktivnosti vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
10.	Programa za finansirawe na proekti od oblasta na kulturata vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
11.	Programa za turisti~ki razvoj, op[ta turisti~ka propaganda i za podobruvawe na uslovite za prestoj na turistite vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
12.	Programa za aktivnostite na op[tina Gevgelija vo oblasta na Lokalniot ekonomski razvoj		Se nosi godi[no
13.	Programa za finansirawe na za[tita i spasuvawe od elementarni nepogodi i drugi nesre]i na podra~jeto na op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
14.	Programa za poddr[ka na NVO sektorot za organizirawe aktivnosti		Se nosi godi[no

	organizirawe na kulturni aktivnosti		Se nosi godi[no
16.	Programa za dezinfekcija, dezinsek-cija,deratizacija i eridikacija na `ivotni skitnici vo op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
17.	Izve[tai za realizacija na Programite od reden broj 3 do reden broj 16		Se nosi godi[no
18.	Buxet na op[tina Gevgelija (i negovite izmeni i dopolnuvawa)		Se nosi godi[no

19.	Zavr[na smetka na Buxetot na op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
20.	Odluka za izvr[uvawe na buxetot na op[tina Gevgelija		Se nosi godi[no
21.	Lokalen ekolo[ki akcionen plan na op[tina Gevgelija (LEAP)	03/98	
22.	Lokalen akcionen plan za socijalna za[tita	18/06	
23.	Strategija za lokalen odr`liv razvoj na op[tina Gevgelija	21/06	
24.	Odluka za op[tinski liniski prevoz na patnici vo op[tina Gevgelija	03/06	
25.	Odluka za avto-taksi prevoz na patnici vo op[tina Gevgelija	18/05	
26.	Odluka za visinata na stapkite na danoci na imot	10/05	
27.	Odluka za visinata na komunalnite taksi	10/05	
28.	Odluka za visinata na nadomestokot za odr`uvawe na javnata ~istota na javnite povr[ini vo op[tina Gevgelija		
29.	Odluka za imenuvawe na ~lenovi na UO na JPKD ,,Komunalec,, Gevgelija	10/05	4 godini
30.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na Odborot za kontrola na meterijano-finansiskoto rabotewe na JPKD ,,Komunalec,, Gevgelija		4 godini
31.	Odluka za imenuvawe direktor na JPKD ,,Komunalec,, Gevgelija		
32.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na JRP ,,Radio Gevgelija,, Gevgelija		4 godini
33.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na Odborot za kontrola na meterijalno-finansiskoto rabotewe na JRP ,,Radio gevgelija,, Gevgelija		4 godini
34.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na OOU ,,Vlado Kantarxiev,, Gevgelija	13/05	4 godini
35.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na OOU ,,Krste Misirkov,, Gevgelija		4 godini
36.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na OOMU ,,Vaso Karajanov,, Gevgelija		4 godini
37.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na OOU ,,Kliment Ohridski,, Miravci		4 godini

39.	Odluka za imenuvawe ~lenovi na UO na OSU ,,Josif Josifovski,, Gevgelija		4 godini
40.	Odluka za imenuvawe tri ~lena na UO na OJU DG ,,Detska radost,, Gevgelija		4 godini
41.	Elaborati za procenka na [teti od elementarni		Po potreba

	nepogodi		
42.	Odluka za organizacijata, delokrugot i na~inot na izvr[uvawe na zada~ite na op[tinskata administracija vo op[tina Gevgelija		

Akti na Gradona~alnikot na op[tina Gevgelija:

r.br.	*Naziv na aktot(dokumentot):*	*Objaevn vo ,,Sl. glasnik na op[tina Gevgelija,, br.*	*Zabele[ka (vreme na va`nost na dokumentot*
1.	Re[enie za izbor na direktor na JPKD ,,Komunalec,, Gevgelija		
2.	Re[enie za izbor na direktor na OJU DG ,,Detska radost,, Gevgelija		
3.	Re[enie za izbor na direktor na OJU Pionerski dom ,,J. B. Tito,,- Gevgelija		
4.	Re[enie za izbor na direktor na OJU Dom na kultura ,,Mekedonija,,Gevgelija		
5.	Re[enie za izbor na direktor na OJU Biblioteka ,,Goce Del~ev,, Gevgelija		
6.	Re[enie za izbor na direktor na OOU ,,Vlado Kantarxiev,, Gevgelija		
7.	Re[enie za izbor na direktor na OOU ,,Krste Misirkov,, Gevgelija		
8.	Re[enie za izbor na direktor na OOMU ,,Vaso Karajanov,, Gevgelija		
9.	Re[enie za izbor na direktor na OOU ,,Kliment Ohridski,, Miravci		
10	Re[enie za izbor na direktor na OOU ,,Risto {uklev,, Negorci		

2. Listata na informacii od javen karakter so koi raspolaga op[tina Gevgelija]e se objavi na oglasnata tabla vo prostoriite na administrativnata zgrada na op[tina Gevgelija;

Informacii od dokumentite navedeni vo tabelarniot pregled mo`e da se odbijat vrz osnova na usno ili pismeno barawe do dr`av-niot slu`benik opredelen za posreduvawe pri ostvaruvawe na pravoto za sloboden pristap do informaciite.

3. Za povreda na pravoto na sloboden pristap do informacii od javen karakter]e se primenuvaat odredbite od Zakonot.

4. So vleguvaweto vo sila na ovaa lista na informacii od javen karakter, prestanuva da va`i listata donesena na 30.11.2006 godina;

5. Ovaa Lista na informacii od javen karakter so koi raspolaga op[tina Gevgelija vleguva vo sila so denot na objavuvaweto vo ,,Slu`ben glasnik na op[tina Gevgelija,,

Br. 07-256/2 Pretsedatel

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 31.01.2008 год. донесе

О Д Л У К А
за задолжување на Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци за објавување на јавен оглас за избор на директор

Член 1

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци да објави јавен оглас за избор на директор.

Член 2

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се извршуви изборот.

Член3

Ова одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-162/1 Градоначалник
23.01.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за донесување Детален урбанистички план за дел од Блок "4" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија 2007-2012 51

2.Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "5" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија 2008-2013 52

3.Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија, општина Гевгелија 2008-2013 53

4.Одлука за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода (град) што ја зафати општина Гевгелија на 18.06.2008 година 54

5.Одлука за утврдување надоместок на членовите на Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија 55

6.Одкука за усвојување на Програма за енергетска ефикасност на општина Гевгелија 2009-2013 55

7.Заклучок по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2008 година 56

пристап на информации од јавен карактер од страна на општина Гевгелија 56

9.Листа на информации од јавен карактер со кои располага општина Гевгелија 57

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за задолжување на Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за објавување на јавен оглас за избор на директор 60

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК БР.3 Е КАЈ МИТЕ ДОЈЧИНОВ ОД СТРАНА 62 ДО СТРАНА 97.

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

О Д Л У К А
за организирање јавна презентација и јавна анкета поНацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "5" Урбана единица "А" на градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "5" Урбана единица "А" за градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 2

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Нацрт-Деталниот урбанистички план во просториите на Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и во објектот на Туристичко информативниот центар на општина Гевгелија, на ул."Маршал Тито" бб во градот Гевгелија.

Член 3

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом во Гевгелија на ден 12.02.2009 година (четврток) со почеток во 12 часот.

Член 4

Јавната анкета ќе трае 15 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се доставуваат во архивата на Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Гевгелија.

Анкетни листови може да се подигнат во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Член 5

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Деталниот урбанистички план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-326/1
5.02.2009 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
Драги Делев с.р.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

О Д Л У К А
за организирање јавна презентација и јавна анкета поНацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "7" Урбана единица "А" за градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година

Член 2

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Нацрт-Деталниот урбанистички план во просториите на Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и во објектот на Туристичко информативниот центар на општина Гевгелија, на ул."Маршал Тито" бб во градот Гевгелија.

Член 3

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом во Гевгелија на ден 12.02.2009 година (четврток) со почеток во 13 часот.

Член 4

Јавната анкета ќе трае 15 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се доставуваат во архивата на Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Гевгелија.

Анкетни листови може да се подигнат во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Член 5

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Деталниот урбанистички план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-327/1 Градоначалник
5.02.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03,49/06 и 22/07 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.), градоначалникот на општина Гевгелија донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци

1.За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци се именува:

Трипчо Димитровски, вработен во Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци, до завршувањето на статусните промени на претпријатието согласно одлуката Советот на општината, но не подолго од шест месеци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 08-225/1 Градоначалник
28.01.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

С О Д Р Ж И Н А

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета поНацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "5" Урбана единица "А"на градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година..... 98

2.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета поНацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "7" Урбана единица "А"на градот Гевгелија,општина Гевгелија за 2008-2013 година..... 99

3. Решение за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци..... 99

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.),член 1 став 2 и член 13 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр.105/07год.) и член 38 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.01.2009 година, донесе:

О Д Л У К А
За организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија

I.Општи одредби

Член 1

Со оваа Одлука се уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Гевгелија, (во натамошниот текст: Општинската администрација), видовите на организациски единици, условите за нивно формирање,нивниот делокруг на работа и раководењето со организациските единици во општинската администрација.

Член 2

Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината.

Општинската администрација е должна со своето работење да обезбеди ефикасно функционирање на органите на општината.

Член 3

Општинската администрација работите од својот делокруг на работа ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа, другите закони, Статутот на општината и актите и насоките на Советот и Градоначалникот на општината.

Член 4

Организацијата на Општинската администрација се утврдува во зависност од надлежностите на органите на општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и според други услови потребни за утврдување на организацијата.

Член 5

Работата на општинската администрација е јавна.

Градоначалникот на општината ја информира јавноста за работата на општинската администрација.

Член 6

За извршување на работите од надлежност на органите на општината, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на општината.

За вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежност на општината се организира Сектор -Инспекторат за инспекциски работи.

Член 7

Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на нивната меѓусебна соработка.

Член 8

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документарни, информативно-комуникациски, оперативни, материјално-финансиски, инвестициски, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

II. Видот и бројот на организациски единици на општинската администрација

Член 9

Општинската администрација се организира во следните сектори и одделнија и Територијална противпожарна единица на општината:

1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Сектор за правни, административни и општи работи;

3.Сектор за финансии, буџет и локални даноци и такси;

4.Сектор за јавни дејности и локален економски развој;

5.Сектор - Инспекторат за инспекциски работи;

6.Одделение за внатрешна ревизија;

7.Одделение за управување со човечки ресурси;

8.Територијална противпожарна единица на општината.

Член 10

Во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина се образуваат следните одделенија:

-Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина;

-Одделение за комунални работи и локални патишта.

Член 11

Во Секторот за финансии, буџет и локални даноци и такси се образуваат следните одделенија:

-Одделение за финансии и буџет;

-Одделение за локални даноци и такси.

Член 12

Во Секторот за јавни дејности и локален економски развој се образуваат следните одделенија:

-Одделение за образование.

-Одделение за социјална,здравствена,детска и други заштити,култура и спорт.

-Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка.

Член 13

Во Секторот за правни, административни и општи работи се образуваат следните одделенија:

-Одделение за правни работи;

-Одделение за стручно административни и општи работи.

Член 14

Во Сектор - Инспекторатот се образуваат следните одделенија:

-Одделение за инспекциски работи за урбанизам, градежништво, комунални работи, сообраќај, патишта и заштита на животна средина;

-Одделение за инспекциски работи за локален економски развој, општествени дејности и локални даноци и такси.

III. Делокруг и начин на извршување на задачите на организациските единици

Член 15

Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина ги врши работите што се однесуваат на: урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на документи за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште; комунални дејности; заштита на животната средина и природата; заштита на старата архитектура; јавното осветлување; изградбата на локални патишта и улици и паркинг простори; сообраќајот и сообраќајната сигнализација; организирање на јавниот локален превоз на патници и автотакси превозот; одржување на јавната чистота; одржување на зелени површини;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 16

Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина ги врши работите што се однесуваат на: урбанистичко планирање; постапката за изработка и донесување на урбанистички планови;реализација на урбанистичките планови; издавање на документи за градење на објекти од локално значење; изготвување на Програма за изработка на урбанистички планови;се грижи за уредување на просторот опфатен со урбанистичките планови; -следење на состојбите и извршување на работите од областа на заштитата на животната средина и природата; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 17

Одделението за комунални работи и локални патишта ги врши работите што се однесуваат на: изградба на водоводни системи за снабдување со вода за пиење; изградба на фекална и атмосферска канализација; одржување на јавната чистота; одржување на јавното осветлување;изградба, одржување и заштита на локалните патишта, улици, паркинг простори и други инфраструктурни објекти;
подготвување на програмите за уредување на градежно земјиште и изградба и одржување на локални патишта и улуци;јавниот локален превоз на патници и автотакси превозот; регулирање на сообраќајниот режим и изградба и одржување на сообраќајната сигнализација; одржување на зелените површини; регулирање и одржување на речните корита во урбаните средини; определување

на имиња на улици и други инфраструктурни објекти;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 18

Секторот за правни, административни и општи работи ги врши работите кои се однесуваат на: подготвување на акти за Советот и Градоначалникот; ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите комисии и други работи тела; врши стручни работи за Советот и Градоначалникот; ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;врши информатичко-технолошки работи; комуникација со медиумите и јавноста;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 19

Одделението за правни работи ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на актите од надлежност на Советот и Градоначалникот; подготвување на седниците на Советот и седниците на неговите постојани и повремени комисии;подготвување на постапката за решавање во управни работи; приготвување и поднесување на материјали и списи за судски постапки во кои општината е тужител или тужен;подготвување на седници на привремените комисии што ги формира градоначалникот на општината;подготвување на актите за организација и систематизација на општинската администрација; подготвување и издавање на службен гласник на општина Гевгелија; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 20

Одделението за стручно административни и општи работи ги врши работите што се однесуваат на: ракување и чување на документите на општината до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на РМ; канцелариското и архивското работење; стручно-административните и технички работи за органите на општината;врши одржување на информатичко-комуникациски систем на општината; вршење на административни работи за потребите на месните заедници; заштита и одржување на зградата на органите на општината и другиот имот; комуникација со медиумите и јавноста; одржување на возниот парк; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 21

Секторот за финансии, буџет и локални даноци и такси ги врши работите кои се однесуваат на: изготвување и следење на реализацијата на Буџетот на општината; следење на реализацијта на финансиските планови на корисниците на Буџетот на општината; изготвување на завршната сметка на Буџетот на општината; вршење на материјално-финансиски работи; водење на сметководствени работи; спроведување и водење на евиденција на јавните набавки; евиденција и осигурување на имотот на општината; утврдување, евиденција и наплата на локалните даноци, такси и други надоместоци; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 22

Одделението за финансии и буџет ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на Буџетот и Завршната сметка на Буџетот на општината и други акти од областа на финансирањето на општината; следи реализацијата на

Буџетот на општината и на финансиските планови на корисниците на буџетот; изготвува квартални извештаи за реализација на Буџетот на општината; го води сметководството на општината; врши финансиско материјални работи; евиденцијата и осигурување на имотот на општината; следи и ги применува прописите за финансиското, сметководственото и материјалното работење; изготвува извештаи и информации од областа на финансиското работење;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 23

Одделението за локални даноци и такси ги врши работите што се однесуваат на: планирање и утврдување на приходите од локални даноци и такси; уртврдување и евиденција на обврзниците на даноците на имот и комуналните такси; следи наплатата на даноците на имот, комуналните такси и другите надоместоци; се грижи за извршување на присилната наплата; идентификација и регистрација на имотот на даночните обврзници;изготвува извештаи и информации за состојбата во оваа област;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 24

Секторот за јавни дејности и локален економски развој ги врши работите од областа на: функционирање на установите во областа на јавните дејности; основното и средното образование; културата, спортот и рекрацијата; здравствената, социјалната и детската заштита; противпожарната заштита и заштита и спасување на луѓето и материјалните добра; комуникацијата со медиумите и јавноста; соработката со невладините организации, здруженијата на граѓани и граѓаните; локалниот економски развој;прекугранична соработка; развојот на локалната мрежа на институции; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 25

Одделението за образование ги врши работите што се однесуваат на: организирање на образовниот и воспитниот процес во општината и следи функционирањето на образовните институции;врши анализа на тековната поставеност на училишната мрежа и дава препораки за одредени измени; го следи движењето на бројот на учениците и паралеките во училиштата; ја следи функционалноста на објектите; соработува со раководните и органите на управување;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 26

Одделението за социјална,здравствена,детска и други заштити,култура и спорт, ги врши работите што се однесуваат на:ги следи состојбите во културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, здравствената заштита;го следи функционирањето на установите во овие области; ја следи функционалноста на објектите на установите; преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени дејствија, природни катастрофи и друго; противпожарна заштита ;комуникација со медиумите и јавноста; соработка со невладини организации, здруженијата на граѓани и граѓаните;остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 27

Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка ги врши работите што се однесуваат на:локалниот економски развој; утврдување на развојните приоритети на општината; прекугранична соработка; изготвување и реализирање на проекти со странски донации; следење на развојот на локалната мрежа на институции, угостителството и туризмот;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно закон.

Член 28

Сектор - Инспекторатот за инспекциски работи ги врши работите кои се однесуваат на:инспекциски надзор и контрола на примената на законите и другите прописи донесени врз основа на закон;на актите донесени од органите на општината, а кои се однесуваат на урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина,јавните дејности,локалниот економски развој, даноците и таксите,трговијата, угостителството и туризмот; презема мерки за отстранување на неправилностите во согласност со закон.

Член 29

Одделението за инспекциски работи за урбанизам, градежништво, комунални работи, сообраќај, патишта, и заштита на животна средина ги врши работите кои се однесуваат на: инспекциски надзор и контрола на примената на законите и другите прописи донесени врз основа на закон;примената на актите донесени од органите на општината, а кои се однесуваат на областите од неговата надлежност;презема мерки за отстранување на неправилностите во согласност со закон.

Член 30

Одделението за инспекциски работи за локален економски развој, општествени дејности и локални даноци ги врши работите кои се однесуваат на: инспекциски надзор и контрола на примената на законите и другите прописи донесени;примената на актите донесени од органите на општината, а кои се однесуваат на областите од неговата надлежност;презема мерки за отстранување на неправилностите во согласност со закон.

Член 31

Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на: врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатршна ревизија воспоставени од општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето одградоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење;доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до градоначалникот и Советот на општината;подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатршната ревизија; врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик; врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација; ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи; ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите;

Член 32

Одделението за управување со човечки ресурси ги врши работите кои се однесуваат на:примената на законите и другите прописи и општи акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на вработените во општинската администрација;изготвува прописи и други акти од областа на работните односи; го следи стручното усовршување, односно обучувањето и усовршувањето на вработените; води персоналната евиденција на вработените;ги пополнува, односно се грижи за уредно пополнување и навреме доставување на потребните обрасци за државните службеници до Агенцијата за државни службеници;врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот.

Член 33

Територијалната противпожарна единица ги врши следните работи кои се однесуваат на:гасење на пожари на подрачјето на општината;отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар; спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозен од пожари и експлозиви; укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации; извршување на други работи при несреќи и непогоди;врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став; заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија утврдени со закон, дејствува како противпожарна единица на РМ заради оперативно делување при гасењето големи пожари на целата територија на Република Македонија; давање помош кога тоа е побарано при гасењето пожари во други држави;водење посебна евиденција на настанатите пожари, експлозиви, интервенции за гасење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и општината за тоа;периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица;тековна проверка и одржување на механизацијата;противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;врши обука од областа на противпожарната заштита;едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности; врши и други работи кои ќе и бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Член 34

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

IV. Раководење со општинската администрација и организациските единици

Член 35

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

Член 36

Со секторот раководи раководител на секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи еден од раководителите на одделенијата во секторот.

Член 37

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичката технологија за 2010 година.

2.По Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичката технологија за 2010 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3398/1 Претседател
9.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за аплицирање во ИПА - Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија 457
2.Одлука за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода (град) што ја зафати општина Гевгелија на 22.06.2009 год... 457
3.Заклучок по Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2010година 458
4.Заклучок по Нацрт-Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година 458
5.Заклучок по Нацрт-Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2010 година 459
6.Заклучок по Нацрт-Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2010 година 459
7.Заклучок по Нацрт-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2010 година 460
8.Заклучок по Нацрт-Програма за одржувањето на јавната чистота во општина Гевгелија за 2010 година 460
9.Заклучок по Нацрт-Годишна програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното надследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2010 година 460
10.Заклучок по Нацрт-Програма за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2010 година 461
11.Заклучок по Нацрт-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2010 година 461

12.Заклучок по Нацрт-Програма за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2010 година 461
13.Заклучок по Нацрт-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година 462
14.Заклучок по Нацрт-Програма за подршка на НВО секторот во 2010 година за организирани активности 462
15.Заклучок по Нацрт-Програма за подршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2010 година 463
16.Заклучок по Нацрт-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2010 година 463
17.Заклучок по Финансов план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2010 година 463
18.Заклучок по Финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2010 година 464
19.Заклучок по Финансов план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2010 година 464
20.Заклучок по Финансов план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2010 година 464
21.Заклучок по Финансов план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2010 година 465
22.Заклучок по Финансов план на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2010 година 465
23.Заклучок по Финансов план на ЈОУ за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2010 година 465
24.Заклучок по Финансов план на ЈОУ- Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2010 година 465
25.Заклучок по Годишен финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2010 година 466
26.Заклучок по Финансов план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2010 година 466
27.Заклучок по Нацрт-Одлука за усвојување и финансирање на Предлог-Буџет на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2010 година 466
28.Заклучок по Нацрт-Одлука за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии за 2010 година 467

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија)"Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на својата седница одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект "Интегриран пристап во развојот на туризмот во Југоисточниот плански регион"

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува сопствено учество на општина Гевгелија за реализација на проектот "Интегриран пристап во развојот на туризмот во Југоисточниот плански регион".

Член 2

Општина Гевгелија во проектот од член 1 од оваа одлука учествува со сопствени средства во висина од 71.481,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3475/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија)"Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на својата седница одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект "Зелена агенда во 10 општини во Југоисточниот плански регион"

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува сопствено учество на општина Гевгелија за реализација на проектот "Зелена агенда во 10 општини во Југоисточниот плански регион".

Член 2

Општина Гевгелија во проектот од член 1 од оваа одлука учествува со сопствени средства во висина од 43.896,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3476/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија)"Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на својата седница одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект "Ревизија на Главен проект за изградба на брана Конско со придружни објекти"

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува сопствено учество на општина Гевгелија за реализација на проектот "Ревизија на Главен проект за изградба на брана Конско со придружни објекти".

Член 2

Општина Гевгелија во проектот од член 1 од оваа одлука учествува со сопствени средства во висина од 48.000,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3474/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 15 а во врска со член 81 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за потврдување на статусот и својството член на ЗЕЛС на општина Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлдука се потврдува статусот и својството на член во Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС" на општина Гевгелија.

Оваа Одлука се донесува заради упис на Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС" (понатаму во текстот само како ЗЕЛС) во Централниот регистар на Република Македонија во согласност со закон.

Член 2

Општина Гевгелија и понатаму го продолжува својството на член на ЗЕЛС под условите утврдени со Статутот и другите акти со кои се утврдува организацијата и делокругот на работа на Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3477/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 4,5,6 и 7 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), член 14, 22 точка 4, 36, 50 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 10, 16, 17 и 36 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/07, 102/08, 143/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за пристапување во системот на регионално управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот плански регион

Член 1

Со оваа Одлдука на Советот, општина Гевгелија се согласува да пристапи во системот на регионално управување со цврст комунален отпад, како сооснивач.

Член 2

Управувањето со системот на регионално управување со цврстиот комунален отпад ќе го одредат оснивачите со посебна одлука.

Член 3

Праваата и обврските поврзани со организирањето на системот на регионално управување со цврстиот комунален отпад, оснивачите ќе го регулираат со посебен договор.

Член 4

Координацијата порзана за реализација на оваа одлука ќе ја врши надлежниот орган во општина Гевгелија.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3479/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 4,5,6 и 7 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), член 14, 22 точка 4, 50 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 22 и 36 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/07, 102/08, 143/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Општина Гевгелија се согласува заедно со општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица од Југоисточниот плански регион, да воспостави меѓуопштинска соработка од заеднички интерес и надлежност на локалната самоуправа.

Член 2

Меѓуопштинска соработка помеѓу општините од член 1 на оваа Одлука, се воспоставува заради воспоставување на регионален систем за регионално управување со комунален цврст отпад со формирање на регионален центар за управувањ со комуналниот цврст отпад.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3480/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 6 и 10 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), член 14 и 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на меѓуопштинско работно тело за воспоставување на регионален систем за регионално управување со комунален цврс отпад

Член 1

Општина Гевгелија заедно со општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица од Југоисточниот плански регион формират меѓуопштинска комисија за воспоставување на регионален за регионално управување со комунален цврст отпад.

Член 2

Меѓуопштинската комисија е составена од по еден член од секоја општина, именуван со решение од страна на Советот на општината.

Член 3

Меѓуопштинската комисија се формира за подготовка на предлог акти за воспоставување на регионален систем за регионално управување со комунален цврст отпад, со формирање на регионален центар за управување со комуналниот цврст отпад, согласно законските решенија и стратешките документи за управување со отпадот.

Предлогот на акти се доставуваат до советите на општините од член 1 на оваа Одлука за нивно донесување и објавување.

Член 4

Мандатот на Меѓуопштинската комисија трае до формирање на регионален центар за управување со комуналниот цврст отпад.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3481/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 8 и 9 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), член 14 и 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член и заменик член на Меѓуопштинско работно тело за воспоставување на меѓуопштинска соработка за воспоставување на регионален систем за регионално управување со комунален цврст отпад

Член 1

Во Меѓуопштинското работно тело за меѓуопштинска соработка за воспоставување на Регионален систем за регионално управување со комунален цврст отпад со формирање на Регионален центар за управување со комуналниот цврст отпад, се именуваат:

За член:

-Горан Гавриловски, директор на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

За заменик член:

-Виктор Ковачев, земјоделски техничар

Член 2

Мандатот на членот и заменик на член во Меѓуопштинското работно тело за меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука, трае до формирање на Регионален центар за управување со комунален цврст отпад.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3490/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 4,5,6 и 7 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), член 14, 22 точка 4, 50 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 22 и 36 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/07, 102/08, 143/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, по разгледување на Иницијативата за меѓуопштинската соработка за воспоставување на регионален систем за управување со цврст отпад во Југоисточниот плански регион, донесе

О Д Л У К А
за прифаќање на Иницијатива за меѓуопштинската соработка за воспоставување на регионален систем за управување со цврст отпад во Југоисточниот плански регион

Член 1

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за меѓуопштинска соработка за воспоставување на регионален систем за управување со цврст отпад во Југоисточниот плански регион поднесена од градоначалниците на општините од регионот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3478/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 14 од Законот за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на РМ" бр.86/08 год.) и член 38 став 1 точка 22 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 год., донесе

О Д Л У К А
за управување со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлука се уредува управувањето со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија, субјектот кој ќе управува со гробиштата - управителот со гробиштата и начинот на оддржување на гробиштата.

Член 2

Со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија (градските гробишта и гробиштата во населените места) ќе управува ЈПКД "Комуналец" Гевгелија како управител на гробишта (во натамошниот текст: Управителот).

Член 3

Управителот ќе врши одржување на гробиштата, што подразбира тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата.

Член 4

Управителот е должен да ги врши следните работи:

-изготвување на план за уредување на гробиштата.

-изготвување на проект за парцелација и начин на доделување на гробно место согласно планот.

-изградба и реконструкција на гробишта со придружни објекти.

-изградба и уредување на патеки и зеленило.

-водење на дневник и регистар на сите погребани лица.

-воспоставува и води евиденција на носител на гробно место.

-утврдувањње на ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата.

-одржување на улици, патеки и зелени површини во гробиштата.

-одржување на јавната чистота на гробиштата и гробниците.

-одржување на инсталации и придружни објекти.

-утврдување на висината и наплата на надоместок за доделување на гробно место.

-утврдување на висината и наплата на надоместок за одржување на гробишата (гробарина).

-утврдување на висината и наплата на надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата.

-утврдување на висината и наплата на надоместокот за обележување и изработка на протокол за регулационо, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба на гробно место и гроб.

Работите од претходниот став управителот ќе ги извршува согласно одредбите на Законот за гробишта и погребални услуги, подзаконските акти, како и прописите за градење, за заштита на животната средина и за здравствена на санитарната заштита.

Член 5

Средствата за изградба, реконструкција и оддржување на гробишта, управителот ќе ги обезбедува од изворите на средства утврдени во членот 37 од Законот за гробишта и погребални услуги.

Член 6

Управителот е должен да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на дејноста управување и одржување на гробишта.

Член 7

Инспекциски надзор над примената на оваа Одлука врши овластениот комунален инспектор на општината.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1.06.2010 година.

Бр.07-3483/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација
за КП бр. 4319 и дел од 3985/1 во КО Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4319 и дел од 3985/1 во КО Гевгелија.

Член 2

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.055-2909/2009 изработена од ДПГИ "Вектор" Струмица е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.08-924/3 од 27.10.2009 година.

Член 3

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3489/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација
за КП бр. 10/1 КО Мрзенци

Член 1

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 10/1 КО Мрзенци.

Член 2

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2472/09 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци е одобрена

од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1081/3 од 30.11.2009 година.

Член 3

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3488/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација
за КП бр. 6727 во КО Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6727 во КО Гевгелија.

Член 2

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.055-2909/2009 изработена од "ИН ПУМА" - Скопје е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.08-2470/2 од 29.09.2009 година.

Член 3

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3487/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2000, 2230 и 2235/1 КО Гевгелија

Член 1
Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2000, 2230 и 2235/1 во КО Гевгелија.

Член 2
Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2471/09 изработена од ДПТУ "Дизајн Центар Инжењеринт" дооел Кавадарци е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1068/2 од 7.12.2009 година.

Член 3
Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3486/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 641 и 642 КО Моин

Член 1
Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 641 и 642 КО Моин.

Член 2
Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.066-2411/09 изработена од ДПГИ "Вектор" Струмица е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1092/4 од 7.12.2009 година.

Член 3
Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3485/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5859/1 во КО Гевгелија

Член 1

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5859/1 во КО Гевгелија.

Член 2

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2462 изработена од ДПТУ "Дизајн Центар Инжењеринт" дооел Кавадарци е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-965/3 од 3.11.2009 година.

Член 3

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3484/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 10, 16, 17 и 36 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/07, 102/08, 143/08 год.) член 14, 22 точка 4, 50 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 4, 5, 6 и 7 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на Регион за управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот плански регион

Член 1

Општина Гевгелија се соглсува да заедно со општините: Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Струмица, Дојран, Конче, Ново Село и Радовиш

од Југоисточниот палнски регион да формираат регион за управување со цврст комунален отпад.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов во име на општина Гевгелија да го потпише договорот за меѓуопштинска соработка со општините од член 1 на оваа одлука, за формирање на регион за управување со цврстиот комунален отпад.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3482/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за формирање Комисија за Деловник и именување членови

1.За изготвување на Нацрт и Предлог-Одлука за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија се формира Комисијата од 5 члена.

2.Во Комисијата од точка 1 на ова Решение се именуваат:

За претседател:

-Александар Тодов, претседател на Советот

За членови:

-Петар Апостолов, член на Советот

-Борче Нечевски, член на Советот

-Ленче Жарко, член на Советот

-Илија Мицев, член на Советот

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-3492/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 39 и 41 од Законот за заштита на правата на пациентите ("Службен весник на РМ" бр.82/08 год.) и член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите и именување членови

1.За унапредување на правата на пациентите се формира Комисија од 9 членови.

2.Во Комисијата од точка 1 на ова решение се именуваат:

-Претставници на пациентите-членови на здруженијата на пациентите:

1.Драган Алаѓозовски од Гевгелија

2.Ромео Мат, претставник од Здружението на дијабетичари

-Претставници од невладини организации:

3.Жаклина Поп-Илиева од Гевгелија

4.Светлана Митрова од Гевгелија

-Лекари од општината кои не укажуваат здравствена заштита:

5.Д-р Васка Калеева од Гевгелија

6.Д-р Елена Кангова од Гевгелија

-Претставници од Советот на општината:

7.Наташа Минова, член на Советот на општината

8.Нинослав Ѓорѓевиќ, член на Советот на општината

9.Венчо Атанасов, член на Советот на општината

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-3493/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 93, 94 и 128 од Законот за водостопанствата ("Службен весник на РМ" бр.85/03,95/05 и 103/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија" ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за утврдување два члена во Одборот на корисници на вода на Водостопансво "Јужен Вардар"-Гевгелија.

1. Во Одборот на корисници на вода на Водостопансво "Јужен Вардар"-Гевгелија се утврдуваат два члена и тоа:

-Дејан Маркудов, дипломиран земјоделски инженер

-Васил Илков, индивидуален земјоделец од Негорци

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето, во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3491/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), а во врска со член 125 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/07 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.12.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За формирање Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2010 година

1.Се формира Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2010 година од пет члена.

Во Комисијата се избираат:

За претседател:

-Александар Тодов, претседател на Советот на општината

За членови:

-Даница Каркалашева, член на Советот на општината

-Лазар Боев, член на Советот на општината

-Сашо Поцков, член на Советот на општината

-Петар Апостолов, член на Советот на општината

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3494/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 16.12.2009 година, по расправата по Информацијата за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво".

2.Се задолжуваат одговорните лица за превенција и справување со кризна состојба во општината да во соработка со преставникот од Регионалниот центар за управување со кризи пристапат со спроведување на платформата во месните и урбаните заедници во општината.

3.Советот на општина Гевгелија му предлага на Градоначалникот да одржи конститутивна седница на Локалниот совет на Националната платформа.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3495/1 Претседател
16.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *АлександарТодов с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 16.12.2009 година, по расправата по материјалот - Случувањата во врска со доделувањето на Наградата "7-ми Ноември", го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува материјалот Случувањата во врска со доделувањето на Наградата "7-ми Ноември".

2.Јавна критика за работата на Комисијата за доделување на наградата "7-ми Ноември".

3.Јавно извинување од Општинската администрација и службите задолжени за протокол заради направена грешка при доделување на наградата "7-ми Ноември" во вид на Сребрена плакета.

4.Покренување на иницијатива за измена и дополнување на Правилникот за работата на Комисијата за доделување на наградата "7-ми Ноември"

5.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3496/1
16.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 24 став 2,член 26 став 8 и член 37 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

О Д Л У К А
за повторно организирање јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Урбанистичкиот план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци, м.в."Долна Корија", општина Гевгелија за плански период 2008-2018

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува повторно организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Урбанистичкиот план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци, м.в."Долна Корија", општина Гевгелија за плански период 2008-2018.

Член 2

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Предлог-Урбанистичкиот план вон населено место во просториите на Месната заедница во Негорци и во објектот на Туристичко информативниот центар на ул."Маршал Тито"бб во Гевгелија.

Член 3

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито"во Гевгелија на ден 29.12.2009 година (вторник) со почеток во 11:00 часот.

Член 4

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетни листови може да се подигнат и да се додтсват во архивата на Општинскиот центар за услуги во зградата на општина Гевгелија на ул."Димитар Влахов"бр.4.

Член 5

За времето и местото каде ќе биде изложен Предлог-Урбанистичкиот план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1405/13
21.12.2009 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
Иван Франгов с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект - Интегриран пристап во развојот на туризмот во Југоисточниот плански регион 468
2.Одлука за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект - Зелена агенда во 10 општини во Југоисточниот плански регион 468
3.Одлука за кофинансирање со сопствено учество за реализација на проект - Ревизија на Главен проект за изградба на брана Конско со придружни објекти 469
4.Одлука за потврдување на статусот и својството член на ЗЕЛС на општина Гевгелија 469
5.Одлука за пристапување во системот на регионално управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот плански регион 470
6.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка 471
7.Одлука за формирање на меѓуопштинско работно тело за воспоставување на регионален систем за регионално управување со комунален цврст отпад 471
8.Решение за именување на член и заменик член на Меѓуопштинско работно тело за воспоставување на меѓуопштинска соработка за воспоставување на регионаленсистем за регионално управување со комунален цврст отпад 472
9.Одлука за прифаќање на Иницијативата за меѓуопштинска соработка за воспоставување на регионален систем за управување со цврст отпад во Југоисточниот плански регион 473
10.Одлука за управување со гробиштата на подрачјето на општина Гевгелија 473
11.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.4319 и дел од 3985/1 КО Гевгелија 475
12.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.10/1 КО Мрзенци 475
13.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.6727 КО Гевгелија 476
14.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2000, 2230 и 2235 КО Гевгелија 477
15.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.641 и 642 КО Моин 477
16.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5859/1 КО Гевгелија 478
17.Одлука за формирање на Регион за управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот плански регион 478
18.Решение за формирање на Комисија за деловник и именување на членови 479
19.Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите и именување на членови 479

20.Решение за утврдување два члена во Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Јужен Вардар"-Гевгелија 480
21.Решение за формирање комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2010 година 480
22.Заклучок по Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво 481
23.Заклучок по материјалот - Случувањата во врска со доделувањето на наградата"7-ми Ноември" 481

АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за повторно организирање јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Урбанистичкиот план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци, м.в."Долна Корија", општина Гевгелија за плански период 2008-2018 482

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 36 став 4 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/08 и 103/08 год.) и член 38, став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

Б У Џ Е Т
на општина Гевгелија за 2010 година

Член 1

Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година се состои од:

Вкупно приходи	**413.680.183,00 ден.**
и тоа:	
-приходи на основен буџет	244.551,883,00 ден.
-блок дотации	155.758.200,00 ден.
-приходи од самофиннсирачки активности	13.370.100,00 ден.
Вкупно расходи	**413.680.183,00 ден.**
и тоа:	
-утврдени намени	413.680.183,00 ден.

Член 2

Приходите по ивори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на општина Гевгелија за 2010 година и тоа како што следува:

29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.535
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.536
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.537
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.538
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.539
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.540
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.541
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.542
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.543
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.544
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.545
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.546
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.547
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.548
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.549
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.550
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.551
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.552
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.553
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.554
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.555
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.556
29.12.2009 год.	СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	Бр.25	стр.557

Член 4

Овој Буџет на општина Гевгелија за 2010 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1.01.2010 година.

Бр. 07-3605/1
28.12. 2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/2004 и 96/2004 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12. 2009 година, донесе

ОДЛУКА
за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година

Член 1

Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на општината се состои од Основен буџет, Буџет на самофинансирачки дејности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и на другите приливи на основниот Буџет на општината.

За отстапувањето од планот на приходите и другите приливи ако е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на Буџетот на општината до Советот на општината.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрение од Советот на општината.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над ппланираниот износ, доставуваат барање за намалување или зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали и месеци за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Јавните установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на општината се должни два дена пред исплатата на плати до општината да доставаат барање за одобрување на средства за плати, обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработување јавните установи се должни да доставаат известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола, согласно планираните средства во Буџетот на општината, градоначалникот на општината одделните пресметки на јавните установи ги доставува до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата. Во образецот Ф-1 јавните установи потребно е да отворат нова колона, која ќе го означува статусот на институцијата, односно ќе се стави буква Л. што ќе означува-локална јавна установа што се финансира од буџетот на општината.

Член 10

Исплатата на платите на вработените во општинската администрација ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот и се утврдуваат;

-за избраните и именуваните лица бруто платата која се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Република Македонија ќе се зголеми за 10% од 01.09.2010 година;

-за вработените во општинската администрацијакои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите ќе се зголеми за 10% од 01.09.2010 година;

-за вработените во територијалната противпожарна единица бруто платата, која се утврдува согласно закон ќе се зголеми за 10% од 01.09.2010 година;

-за вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници бруто платата се утврдува согласно прописите за работни односи.

Член 11

Надоместокот за годишен одмор ќе изнесува 60% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Република Македонија.

Член 12

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 13

На членовите на Советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патни и дневни трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се утврдува во процентуален износ од 84% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 2 на овој член.

Надоместокот за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, на членовите на Советот на општината им се исплатува според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 14

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршуваат со фактура во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и тоа само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕВРА каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 15

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

Член 16

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедени средства, по претходно дадено позитивно мислење од страна на Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

Член 17

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на приходите на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 18

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 01.01.2010 до 31.12.2010 година.

Член 19

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,, а ќе се применува од 01 Јануари 2010 година.

Бр. 07-3606/1
28.12. 2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 7 став 2, член 17 став 7 и член 22 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за УЕ 7 општина Гевгелија за плански период 2009-2014 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за УЕ 7 општина Гевгелија за плански период 2009-2014 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 4,86 ха.

Границата на зафатот е:

На север границата е ограничена со р.Рауљ

На запад границата е ограничена со ул."Западна Магистрална"

На југ ул."Деко Ковачев"

На исток границата е ограничена со ул."Западна Собирна"

Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - домување

А1 - семејно домување во станбени куќи

Е - инфраструктура

Е1 - сообраќајна инфраструктура

Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција и стручното мислење.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-3622/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана 28.12..2009 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2010 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија

II.ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, како и со одредени домашни и странски донации.

III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

Ред бр.	I. Реставрирање на објекти кои се прогласени за споменици на културата	1.000 000,00
1.	Реставрација на фасада на Градска библиотека во Гевгелија	
2.	Реставрација на фасада на стара зграда на Радиостаница Гевгелија	
3.	Реставрација на источен изглед на комплексот Стара чаршија во Гевгелија	
4.	Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија	
5.	реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија	

Ред. бр.	II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија	500 000,00

1.	Изработка на проект за објект со санација на оџакот на поранешната фабрика "Филатура" во Гевгелија	200.000,00
2.	Изработка на бисти на: Др. Александар Сингер, Илија Џаџев и Леонид Јанков	200.000,00
3.	Поставување на уметнички дела на видни локации во градот	100.000,00
	ВКУПНО	**1.500 000,00**

За активностите од областа на одржување и заштита на споменици на културата и други објекти, кои и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3611/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/2008), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12.2009 година, донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2010 година

Член 1

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, р
н

Член 2

Висината на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, се утврдуваат во износ од **38.200.000,00** денари и тоа од следните извори на приходи:

Трансфери од владини институции, и тоа од:

1.1. Агенција за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици;

1.2. Агенција за рамномерен регионален развој;

Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);

Комунални такси; и

Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

	J			**Комунални дејности**	
1		**J6**	**J60**	Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај	**2.200.000,00**
2		**ЈД**	**ЈД0**	Изградба и реконструкција на локални патишта и улици	**35.000.000,00**
3		**ЈФ**	**ЈФ0**	Изградба на сообраќајна сигнализација	**1.000.000,00**
				ВКУПНО ПРИХОДИ	**38.200.000,00**

Член 3

Средствата во висина од **38.200.000,00** денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

Надлежност	Програма	Потпрограма	Глава	Оддел	Точка	ОПИС	ИЗНОС
J						**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**	
J6	**J60**					**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**	**2.200.000,00**
			1			**Поправки и Тековно одржување**	**2.100.000,00**
				1.1		*Одржување на улици и патишта*	*1.800.000,00*
					1.1.1	Крпење на ударни дупки	
					1.1.2	Зимско одржување	
					1.1.3	Расчистување на локалните патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец и Негорци-Серменин	
				1.2		*Поправка и одржување на опрема*	*300.000,00*
					1.2.1	Поправка и одржување на семафори	
			2			**Други договорни услуги**	**100.000,00**
					2.1.1	Договори со физички лица за вршење на одредени работи од оваа потпрограма	

ЈД	**ЈД0**		**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**	**35.000.000,00**
	1		**Изработка на проектна документација**	300.000,00
		1.1.1	Основен проект за изградба на ул.„Мирко Делев“ во Негорци од бензинската пумпа до раскрсница со патот за с.Серменин	
		1.1.2	Основен проект за изградба на пристапен пат до споменикот на Мрзенски рид	
		1.1.3	Ревизија на Основниот проект за изградба (реконструкција) на локалниот пат Негорци - Серменин	
	2		**Изградба на улици и патишта**	**20.000.000,00**
	2.1		*Изградба на улици*	*15.000.000,00*
		2.1.1	Изградба на улици во Индустриска зона “Блокотехна”(прва фаза-долен строј)	7.000.000,00
		2.1.2	Изградба на Заобиколница околу Гевгелија-дел од Јужниот Булевар (втора фаза-поврзување со ул.”Железничка”	500.000,00
		2.1.3	Изградба на улици во Урбан блок 7 во Гевгелија	
		2.1.4	Изградба на северна собирна улица (Мрзенски пат кон винарска визба “Риго Импекс”) во Гевгелија (втора фаза-горен строј)	
		2.1.5	Изградба (продолжување) на Западниот Булевар до „Моински пат“	
		2.1.6	Продолжување на ул.”Серменинска”	
		2.1.7	Изградба на улици во југозападна сервисна зона - Урбан блок 14 во Гевгелија	
		2.1.8	Изградба на улици во Урбан блок 4 во Гевгелија	
		2.1.9	Изградба на улици во Негорци (довршување на ул.„Ристо Петров“, ул.„Ангел Трајков“ и ул.„Ристо Шуклев“)	
		2.1.10	Изградба на нови улици во населените места во општината (Миравци, Богородица, Прдејци, Кованец, Давидово)	
	2.2		*Изградба на патишта*	*5.000.000,00*
		2.2.1	Изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница (прва фаза-долен строј)	1.000.000,00
		2.2.2	Довршување на изградбата на патот за с.Хума (Учество на општина Гевгелија)	1.000.000,00
		2.2.3	Изградба на пристапен пат (улица) до “Споменик на слободата”на Мрзенски рид (прва фаза-долен строј)	
		2.2.4	Поврзување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија)	
		2.2.5	Изградба на пат за поврзување на Мрзенци со Гевгелија покрај Мрзенски рид и стариот автопат	

		2.2.6	Изградба на пристапен пат до с.Конско (одвојување од регионалниот пат Гевгелија-Смрдлива вода)	
		2.2.7	Доизградба на патот до црквата св.Богородица во Давидово	
	3		**Реконструкција на улици и патишта**	**10.000.000,00**
	3.1		*Реконструкција на улици*	*5.000.000,00*
		3.1.1	Реконструкција на улица "Маршал Тито"	
		3.1.2	Реконструкција на ул."Индустриска"	
		3.1.3	Реконструкција на ул."7-ми Ноември"(од семафорите до пазарот)	
		3.1.4	Реконструкција на улица "Ѓоко Тутушев"	
		3.1.5	Реконструкција на улица "Македонија"	
		3.1.6	Реконструкција на ул."11-Октомври"	
		3.1.7	Реконструкција на ул.„Ристо Шуклев" и „Мицо Шаренков"	
		3.1.8	Реконструкција на ул."Иво Лола Рибар"	
		3.1.9	Реконструкција на ул."Партизанска"	
		3.1.10	Реконструкција на улици во Миравци	
	3.2		*Реконструкција на патишта*	*5.000.000,00*
		3.2.1	Реконструкција на локалниот пат Негорци-Серменин	5.000.000,00
	4		**Изградба на мостови**	**4.000.000,00**
		4.1.1	Изградба на мост на Петрушка река пред с.Габрово	
	5		**Надзор над изградба и реконструкција на објекти**	**700.000,00**
		5.1.1	Надзор над изградба и реконструкција на објекти	
ЈФ	**ЈФ0**		**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**	**1.000.000,00**
	1		**Изработка на проектна документација**	100.000,00
		1.1.1	Проектна документација за изградба на кружен тек на крстосницата на „Булевар Гевгелија" со ул.„Деко Ковачев"	
		1.1.2	Проектна документација за поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат	
	2		**Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација**	**900.000,00**
		2.1.1	Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и патишта	
		2.1.2	Обележување на улици и локални патишта со хоризонтална сигнализација	
		2.1.3	Изградба на кружен тек на крстосницата на „Булевар Гевгелија" со ул.„Деко Ковачев"	
		2.1.4	Поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат	

						ВКУПНО РАСХОДИ (Ј60, ЈД0 и ЈФ0)	**38.200.000,00**

Рекапитулација на расходите:

Надлежност	Програма	Потпрограма	ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ	ИЗНОС
Ј			**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**	**38.200.000,00**
	Ј6	Ј60	Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај	2.200.000,00
	ЈД	ЈД0	Изградба и реконструкција на локални патишта и улици	35.000.000,00
	ЈФ	ЈФ0	Изградба на сообраќајна сигнализација	1.000.000,00
			ВКУПНО РАСХОДИ	**38.200.000,00**

Член 4

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приорити.

Член 5

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува сметано од 01.01.2010 година.

Бр.07-3607/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 38 став 1 точка___ од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
За финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2010 година

I. Вовед

Со Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2010 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на култураната политика на општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2010 година.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, градоначалникот на општина Гевгелија распиша Конкурс за финансирање на програми и проекти во областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2010 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериуми за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

II. Цели

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

- обезбедување на услови за богат, квалитетен и разновиден културен живот во општината;
- чување и афирмирање на материјалното и на духовното културно наследство на општина Гевгелија и на нејзиниот културен идентитет;
- поттикнување и афирмација на творештвото на младите уметници во сите сфери на културното живеење;
- обезбедување услови за достапност на граѓаните до културните вредности;
- поддржување и промовирање проекти и програми кои се во тек со современиот европски и светски културен тренд;
- обезбедување континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален и меѓународен карактер;
- презентирање и афирмирање на современото творештво;
- одбележување на значајни датуми и личности од историјата и културата на општина Гевгелија;
- стимулирање и обновување на старите занаети и тадиционални вештини;
- поттикнување на меѓународната културна соработка, а особено соработката со збратимените градови;
- поддржување на проекти од невладиниот сектор кои се од интерес за општината.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година.

IV. Распоредување на финансиските средства

р.бр	Предлагач на проектот	Име на програм. активност	Одобрени средства
1.	ЈОУ-Библиотека Гоце Делчев Гевгелија	-манифестации 2010	70.000
2.	ЈОУ Дом на култура Македонија, Гевгелија	-поетско музичка манифестации -велигденска манифестација -распеана чаршија -фестивал-смеата на душата	100.000
3.	ЈОУ Пионерски дом Јосип Броз Тито Гевгелија	-државен хорски натпревар Тома Прошев -програма 2010	50.000
4.	КУД Браќа Толеви, Прдејци	-гостување во Крушевац -мајски дружења -гостување во Н. Место, Р.Словенија	100.000
5.	КУД Негорци, Негорци	-редовна работа -Фестивал Турција -маниф. Велигден -фестивал Германија	50.000

6.	КУД Танец, Миравци	-Ѓура Мара -фестивали во РМ -фестивал во Бугарија -Фестивал во Србија	100.000
7.	Ансамбл Бојмија, Гевгелија	-фестивал во Шпанија -кореографија за Игри и песни од Е.Македонија -годишен концерт -формирање на детски ансамбл	150.000
8.	КУД Распеани Гевгеличани, Гевгелија	-ЦД -фестивал Битола -Дојрански ракувања -Охрид -прослава на 40 годишнина	100.000
9.	ФА Гевгелија, Гевгелија	-Тековно работење -Гостување во БиХ	50.000
10.	ЗГ Гортинија, Гевгелија	-редовна работа -меѓународен натпревар Венеција -ЦД	200.000
11.	Дамјан Ѓуров, Гевгелија	-самостојна изложба на скулптури и графики	50.000
12.	Друштво на ликовни уметници	-изложби	50.000
13.	Драги Хаџи-Николов, Гевгелија	-изложба Етно моменти	50.000
14.	Мултимедиа Центар, Гевгелија	-мултимедијална изложба	50.000
15.	Здружение на пензионери Сигурна иднина, Гевгелија	-манифестации 2010	50.000
16.	ЗГ Дон Кихот-95, Гевгелија	поетска манифестација	50.000
17.	ЗГ АРТ Еквилибриум, Гевгелија	-мултимедијален арт фестивал БОШ 2010 Гевгелија	75.000
18.	ЗГ ТеРа, Гевгелија	Смоквијада 2010	160.000
19.	ЗГ Јужна градина, Негорци	Големиот и наш Илија Џаџев	50.000
20.	Ристо Стамков, Гевгелија	Збирка Комитски песни од јужно повардарие	20.000
21.	Одбележување на општин. празник 7 Ноември (изложби, концерти, теат. претстави, конкурси)		500.000
	-одбележување на Св. Спас		400.000
	Вкупно:		**2.475.000**

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2009 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

V. Завршни одредби

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3613/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за подршка на Месните заедници во
организирање на културни активности во 2010 година

1.Цели

Основни цели на оваа Програма е подршка на културните и други активности организирани од Месните заедници во населените места.

Одржувањето на културните и други активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

2.Активности

Во 2010 година Општината ќе ги подржи следните активности на Месните заедници:

	Предлагач	Активност	Средства од буџетот на општина Гевгелија
1.	Богородица	Фолклорна вечер по повод панаѓур	20.000
2.	Давидиво	Слава на манастирот Св.Илија	20.000
3.	Серменин	Панаѓур по повод Илинден и Митровден	20.000
4.	Хума	Планинарски марш Панаѓур по повод Св.Пантелејмон Влашка вечер Коледе	25.000
5.	Конско	Ручек по повод Илинден и Митровден	20.000
6.	Ново Конско	Панаѓур по повод Митровден	25.000
7.	Габрово	Панаѓур по повод Митровден	20.000
8.	Прдејци	Фолклорна вечер по повод панаѓур	20.000
9.	Негорци	Фолклорна вечер по повод панаѓур	30.000
	ВКУПНО		**200.000**

3.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма Д1.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3617/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за подршка на НВО секторот во 2010 година
за организирани активности

1.Цели

Основни цели на оваа Програмата за подршка на активностите на НВО секторот во 2010 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-давање подршка на проекти со кои ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

2.Активности

Во 2010 година општината ќе ги подржи следните активности и проекти на НВО секторот:

	Предлагач	Активност	Вкупно побарани од Буџетот
1.	Сојуз на борците Општински Одбор Гевгелија	Помен на Игор Ѓоревски	80.000
		Загинување на Сава Михајлов	
		Полагање цвеќе на Споменикот на протераните евреи	
		Ден на излегување на првите партизани	
		Ден на победа над фашизмот	
		Формирање на партизанскиот одред Сава Михајлов	
		Загинување на Ванчо Прќе	
		Илинден	
		Ден на мирот	
		Загинување на Јосиф Јосифовски	
		69 години од почетокот на НОВ	
		Ослободување на Гевгелија	
		Посета на Спомен Шумата	
		Вториот напад на Конско	

2.	Здружение на глуви и наглуви	Посета на историски споменици Сортски активности по повод Ден на Глувите лица Спортски средби Ден на лица со попреченост	30.000
3.	Здружение на слепи лица	Посета на историски споменици Сортски активности по повод Ден на белиот стап Тематски средби Ден на лица со попреченост	30.000
4.	"Порака"	Дружење на клубот Дружење во природа Кампањи Комуналии Ден на лица со попреченост	30.000
5.	Здружение на инвалидски организации	Ден на лица со попреченост	10.000
6.	Здружение на телесни инвалидизирани лица	Посета на историски споменици Сортски активности по повод Ден на телесните инвалиди Тематски средби Ден на лица со попреченост	35.000
7.	Поддршка	Дневен центар за зависници	200.000
		Проект "Подобро е кога знам"	200.000
	ВКУПНО		615.000

3.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, Програма Д-Градоначалник Потпрограма ДО.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3616/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/03 и 66/04) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 28.12.2009 година донесе:

П Р О Г Р А М А
за финансирање на спортските активности
во општина Гевгелија за 2010 година

Со оваа програма се планираат активностите на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите за 2010 година.

1.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма е поддржување на развојот и огранизирање на:

1. Масовен спорт и рекреативни активности на граѓаните;
2. Училишни спортски системи и спорт за сите;
3. Спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
4. Спортски приредби и манифестации на општинско ниво во одредени спортови и категории;
5. Традиционални спортски натпревари и манифестации;
6. Општински сојузи на спортови.

2.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 одина.

3.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

	Предлагач на проектот	Активност	Средства од буџетот по активност	Вкупно средства од Буџетот
1.	АМД Дичо Панов Гевгелија	Источно европски или отворен шампионат во мотокрос	100.000	150.000
		Државен шампионат во мотокрос	50.000	
2.	ЗСР ЈУГ-52 Гевгелија	Учество на 5 републички натпревари	30.000	30.000
3.	ЗГ Младински Совет Форса Гевгелија	Организирање на спортска игра Граничар во основни училишта	50.000	50.000
4.	ЖРК Гевгелија	Натпревари и турнири	500.000	500.000
5.	ЗГ Гординија	Лига во мал фудбал	30.000	50.000
		Турнир во мал фудбал	20.000	
6.	Планинарско друштво Кожуф Гевгелија	Програма 2010	50.000	80.000
7.	ЗГ Гевдион Гевгелија	Баскет турнир Гевдион	60.000	60.000
8.	КК Бест Кошаркарски клуб	Натпревари	50.000	100.000
		Баскет лига Гекош	50.000	
9.	ДГС Партизан	Натпревари во спортска гимнастика	80.0000	70.000
10.	МК"Ретки птици"	Три рели натпревари	45.000	60.000
		Пионерски семафор-Јуниор Мотор	15.000	
11.	ЈОГА Сојуз на Македонија	10 години јога во Гевгелија	10.000	10.000
12.	ТЦК "Ритам Плус"	Државен натпревар во танци	10.000	40.000
		Матурска парада	30.000	
13.	ФК "Миравци	Натпревари во втора лига	1.200.000	1.200.000
14.	ФК "Кожуф"	Натпревари	2.000.000	2.000.000
15.	КК "Кожуф"	Натпревари	400.000	500.000
	вкупно		4.966.000	4.900.000

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа

Одржувањето и изградбата на објекти за спорт е предвидено во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година.

4.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства, градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со :

- покровителство;
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.

5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Сите корисници на Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2010 година, средствата распределени со Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2010 година, ќе им бидат доделени, по поднесување на извештајот (наративен и финансов) за реализирани активности во 2009 год. и тоа најкасно до 28.02.2010 год.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3612/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија (вСлужбен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија
за 2010 година

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2010 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината го врши ЈПКД „Комуналец'' Гевгелија и ЈП за водовод и комуналии „Миравци''.

II. ВИД ОБЕМ ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот-шеталиштето, паркиралиштата и на "Булевар Гевгелија"од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во приодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места за кои е донесена урбанистичка документација, на јавната површина во центарот на населбата и влезната улица, јавната чистота ќе се одржува еднаш неделно, а во другите делови еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота во центарот на локалитетот ќе се одржува секој ден од 16. 04. до 30. 09 (во сезона), а еднаш месечно од 1.10. до 15.04. (вон сезона).Во другите делови од локалитетот јавната чистота ќе се одржува еднаш месечно.

Одржување на јавната чистота со миење на улиците ќе се врши секој ден во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како и влезните улици и центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини (парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба.

III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се постават садови-корпи за фрлање на отпадоци и и изградат јавни санитарни јазли

Во центарот на градот садовите ќе се постават на оддалеченот од 50 метри, додека во другите деловите на градот садовите ќе се постават на оддалеченост од 70 метри. Во населените места и локалитетот Смрдлива вода, садови ќе се постават на влезната улица, односно влезот и во центарот на населбата.

Со програмата се планира да се изградат нови јавни санитарни јазли крај Градскиот стадион и на паркинг просторот пред Алатницата во Гевгелија.

За одржување на јавната чистота, покрај веќе постоечките, ќе се набават и постават уште 100 корпи за отпадоци, од кои 60 во Гевгелија, а останатите по населените места и во локалитетот Смрдлива вода.

IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, и истите изнесуваат 4.300.000,оо денари, и тоа:

1.Метење на улици ---------- 1.500.000,00 ден.
2.Миење на улици ---------- 1.100.000,00 ден.
3.Изградба на јавни санитарни јазли ---------- 1.000.000,00 ден.
4.Набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и друга опрема ---------- 700.000,00 ден.

Вкупно: 4.300.000,00 ден.

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени во точка 1 и 2 ќе се обезбедат од Програма Ј4, а средствата за набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и изградба на јавни санитарни јазли ќе се обезбедат од Програма ЈК0-јавна чистота (капитални расходи).

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2010 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Гевгелија''.

Бр.07-3610/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен весник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Гевгелија во областа на
Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година

1. Развојни приоритети

Општина Гевгелија во 2010 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон подршка на проекти за локалниот економски развој, пред се производство на здрава храна, развој на туризмот и енергетската ефикасност.

2. Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети согласно постојните стратешки документи.

3. Проектни активности

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Проектите се групираат во неколку групи:

3.1 Поддршка на локалниот економски развој

Р. бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Поддршка на Центарот за регионален развој на Источно – брегалничкиот плански регион	230.000
2.	Подготовки за реализација на проектот	500.000

	Технолошки парк „Прдејци”	
3.	Подготовки за реализација на проектот ХМС Конска брана	400.000
4.	Кофинансирање на IPA проекти	5.000.000
ВКУПНО		**6.130.000**

3.2 Проекти од областа на земјоделието (во соработка со проектната канцеларија на МААСП и потстратегијата за рурален развој)

Р.бр.	**Проект**	**Предвидени средства (мкд)**
1.	Подготовки за реализација на проектот Откупен дистрибутивен центар – Агроберза	500.000
2.	Реализација на едукативни курсеви за одгледување на одредени култури и одгледување на животни	50.000
3.	Подобрување на квалитетот и на достапноста на советодавните услуги на земјоделците	50.000
4.	Едукација на земјоделски производители за водење евиденција на фарма	50.000
ВКУПНО		**650.000**

3.3 Проекти од областа на енергетската ефикасност (во согласност со стратегијата за енергетска ефикасност)

Р.бр.	**Проект**	**Предвидени средства (мкд)**
1.	Кофинансирање и имплементација на Програмата за енергетска ефикасност 2009-2013	120.000
2.	План за имплементација на систем за загревање од геотермални води	100.000
ВКУПНО		**220.000**

4. Финансирање

Предвидените проектни активности во оваа Програма, во вкупна вредност од 7.000.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2010 година и кофинансирани од страна на домашните и меѓународните институции, агенции и фондации.

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.07-3615/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 28.12.2010 година, донесе

ПРОГРАМА
за одржување на јавното осветлување во пштина Гевгелија за 2010 година

I.Општи одредби

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2010 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки со поставување на живини ,натриумови и еко светилки.

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

II.Одржување на јавното осветлување

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли трипати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1. Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

Населено место	Вкупно
Гевгелија	
живини сијалици 125Њ	1002
живина сијалици 250 Њ	50
живини сијалици 400 Њ	10
живина сијалица 160 Њ	45
натриумови сијалици 250 Њ	175
сијалица економик БТ150 Њ	10
Гевгелија вкупно:	**1292**
Негорци	
живини сијалици 125 Њ	117
живини сијалици 250 Њ	8
Негорци вкупно:	**125**
Богородица	
живини сијалици 125 Њ	70
живини сијалици 250 Њ	6

Богородица вкупно:	**76**
Мрзенци живини сијалици 125 Њ	 51
Мрзенци вкупно:	**51**
Прдејци живини сијалици 125 Њ	 47
Прдејци вкупно:	**47**
Моин живини сијалици 125 Њ	 28
Моин вкупно	**28**
Ново Конско живини сијалици 125 Њ	 34
Ново Конско вкупно:	**34**
Кованец живини сијалици 125 Њ	 18
Кованец вкупно:	**18**
Серменин живини сијалици 125 Њ	 14
Серменин вкупно:	**14**
Конско живини сијалици 125 Њ	 15
Конско вкупно:	**15**
Смрдлива вода живини сијалици 125 Њ	 23
Смрдлива вода вкупно:	**23**
Хума живини сијалици 125 Њ	 24
Хума вкупно:	**24**
Миравци живини сијалици 125 Њ живини сијалици 250 Њ неонски сијалици 25 Њ	 156 6 16
Миравци вкупно:	**178**
Милетково живини сијалици 125 Њ	 14
Милетково вкупно:	**14**
Петрово живини сијалици 125 Њ	 25
Петрово вкупно:	**25**
Смоквица живини сијалици 125 Њ живина сијалици 250 Њ	 36 3
Смоквица вкупно:	**39**
Габраво живини сијалици 125 Њ	 7
Габраво вкупно:	**7**
Давидово живини сијалици 125 Њ	 46
Давидово вкупно:	**46**
Општина Гевгелија се вкупно:	**2056**

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

Ред.бр.	Општина Гевгелија	Вкупно
1.	живини сијалици 125 Њ	1727
2.	живини сијалици 400 Њ	10
3.	натриумови сијалици 250 Њ	175
4.	неонски сијалици 25 Њ	26
5.	живина сијалица 250 Њ	73
6.	живина сијалица 160 Њ	45

3. Потребни материјали за одржување на јавното осветлување за 2010 година.

Р.бр.	Име на материјалот	Ед.мера	Количина
1.	живини сијалици 125 Њ	бр.	1200
2.	живини сијалици 160 Њ	бр.	50
3.	живини сијалици 250 Њ	бр.	70
4.	живини сијалици 400 Њ	бр.	20
5.	Сијалица економик БТ 70 Њ	бр.	40
6.	Сијалица економик БТ 150 Њ	бр.	50
7.	Натриумова сијалици 70 Њ	бр	20
8.	Натриумова сијалици 250 Њ	бр.	100
9.	Пригушници за внатрешна монтажа 125 Њ	бр.	200
10.	Пригушници за надворешна монтажа 125 Њ	бр.	100
11.	Пригушници за внатрешна монтажа 250 Њ	бр.	60
12.	Пригушници за внатрешна монтажа 400 Њ	бр.	5
13.	Фасонки Е27 - порцелански	бр.	250
14.	Фасонки Е40 - порцелански	бр.	100
15.	кабел Р/Ф 1х1,5мм	м.	200
16..	кабел Р/Ф 1х2,5мм	м.	400
17.	кабел 3 х 1,5мм	м.	100
18.	кабел ПП 3х2,5мм	м.	200
19.	кабел ПП 00 4Џ35мм бакар	м.	150
20.	Алкалекс кабел 1 Џ 16 мм	м.	500
21.	Алкалекс кабел 2 Џ 16 мм	м.	3000
22.	Силиконски кабел Р/Ф 1х1,5мм	м.	100
23.	Форел со оптичко око	бр.	15
24.	Заштитно стакло	бр.	500
25.	Комплет арматура 125 Њ вандарма	бр.	150
26.	Комплет арматура 250 Њ натриумова	бр.	50
27.	Комплет арматура 250 Њ живина	бр.	20
28.	Инјектор за натр. сијалица 250 Њ	бр.	30
29.	Електрично броило 10-40 А, 3х220 Њ	бр.	3
30.	Електрично броило 10-40 А, 220 Њ	бр.	3
31.	Тајмер	бр.	20
32.	Подножје за осигурувачи 160 А	бр.	20
33.	Осигурувачи ХБТ 00	бр.	50
34.	Автоматски осигурувачи 16 А	бр.	80
35.	Ножест осигурач 63 А	бр.	50
36.	Ножест осигурач 100-250 А	бр.	60

37.	Контактор 63 А	бр.	15
38.	Контактор 40 А	бр.	15
39.	Комплет подножје за опална топка од 125Њ	бр.	60
40.	Опална топка Ф-400	бр.	60
41.	Ампула 1500 Њ	бр.	20
42.	Ампула 500 Њ	бр.	20
43.	Топка Ф 500/160	бр.	50
44.	Фланша комплет за 125 Њ	бр.	50
45.	Метал халогена рефлектор 400 Њ	бр.	10
46.	Метал халогена сијалица 400 Њ	бр.	20
47.	Метал халогена сијалица 1000 Њ	бр.	20
48.	Метал халогена сијалица 1500 Њ	бр.	20
49.	Упаљач за метал халогена сијалица 250-400 Њ	бр.	20
50.	Фасонки за рефлектор со метал халогена сијал.	бр.	30
51.	Сијалици 100 Њ	бр.	80

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

III.Електрична енергија за јавно осветлување

Потрошувачката на електрична енергија во 2009 година, изнесува 137.752 кЊх во просек месечно односно за цела година 1.653.024 кЊх.

Според податоците од Подружницата на ЕВН-Гевгелија вкупниот број на корисници по електрични броила (на кои им се фактурира и комунална такса за улично осветлување) изнесува:

-домаќинства 8770 , за кои комуналната такса изнесува 102.00 денари;

-правни субјекти 1163, за кои комуналната такса изнесува, 203.50денари.

IV.Финансирање на јавното осветлување

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година од Програмата Ј3 и тоа:

-за потрошена електрична енергија7.700.000,00 денари;

-за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 5.000.000,00 денари;

-други оперативни расходи 100.000,00 денари.

Вкупно средства за реализација 12.800.000,00 денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

V.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3609/1 Претседател

28.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,

Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ" бр.19/96 и 26/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за туристички развој и туристичко претставување
на општина Гевгелија во 2010 година

1.Со оваа Програма се утврдува намената на средствата за туристички развој и за туристичко претставување на општина Гевгелија во 2010 година.

2.Средствата за финансирање на ова намена се утврдува во износ од 1.000.000 денари и се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година.

3.Средствата ќе се користат за:

Р.бр	Проект	предвидени средства (мкд)
1.	Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија	700.000
	-Туристички водич	
	-Изработка на мултимедијално ЦД	
	- Брошура за Гевгелија	
	-Папки	
	-Џебен информатор	
	-Разгледници	
	-Флаери	
2.	Организирање и учество на саемски манифестации	300.000
	Вкупно:	**1.000.000**

По потреба, во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција.

4.Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од туристичката такса за привремен престој и од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година.

5.За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на општина Гевгелија.

Бр.07-3614/1
28.12.2009 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
Александар Тодов с.р.

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМее бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 г.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелијаее бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2009 година,

ПРОГРАМА
за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација
на животни скитници во општина Гевгелија за 2010 година

1.ВОВЕД

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и ги вознемируваат граѓаните.

Што се однесува до ерадикацијата, мора да се превземаат ригорозни мерки затоа што животните скитници кои ги има во општина Гевгелија се јавуваат во се поголем број и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

2.ЦЕЛИ

Зради заштита на населението во општина Гевгелија од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2010 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гвеглија.

3.АКТИВНОСТИ

Во 2010 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

	Мерки и активности	Место и локација	Планирани Средства
1	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи и др. објекти Дератизација на канализациона мрежа во општина Гевгелија Дезинсекција против комарци со аерозапрашување на територијата на општина Гевгелија.	1.000.000,оо
2.	Ерадикација на животни скитници	во Гевгелија и во населените места	300.000,оо
			Вкупно денари : 1.300.000,оо

4.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година-Програма J0 Подпрограма J80-други комунални услуги.

5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелијаее.

Бр.07-3618/1 Претседател
28.12.2009 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2009 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија
за 2010 година

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

-домување
-комерцијални објекти
-јавни дејности
-индустрија и мало стопанство
-спорт и рекреација и
-планска изградба на комунални објекти

Преку донесените урбанистички планови Општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 12.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

1. Измена и дополнување со ревизија на сообрашајно решение за ГУП на град Гевгелија

1.1 Предвидување на комерцијални и деловни намени покрај поголемите сообраќајници:
